Влада на Република Северна Македонија

# ЗАПИСНИК

од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,

одржана на 6 јуни 2023 година

Скопје, јуни 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 јуни 2023 година**

Седницата започна во 12 : 20 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците

На седницата присуствуваа, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**Усвојување на Записникот од 149-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 април 2023 година**

**Усвојување на Записникот од 154-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 мај 2023 година**

**Усвојување на Записникот од 155-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2023 година**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 1-Слободно движење на стоки од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2023 година-30 јуни 2023 година

- Изменување на Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2023 година-30.6.2023 година (второ изменување 6 јуни 2023 година)

1. Информација за добивање на согласност за ангажирање на вработени со договор на дело во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, согласно член 20 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија

2. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (У бр. 03-200/1)

3. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи (патнички моторни возила-Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија)

4. Годишен извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2022 година, со Предлог-одлука

5. Информација за продажба на акциите во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, со предлог-одлуки

6. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, запишан во Имотен лист бр. 7936, КП 43/2, КП 43/3, КП 45/2, КП 45/3, КП 48/1, КП 49, КП 50, КП 369, КП 424, КП 429, КП 479, КП 480, КП 481, КП 481, КП 485, КП 486, КП 490 и КП 491, КО Орешани, со Предлог-одлука

7. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (вкупно 8 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност

8. Предлог-одлуки за давање на согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (разна стока) во кривична, прекршочна и во управна постапка

9. Годишен извештај за работењето за 2022 година, Годишната сметка за 2022 година и Финансискиот извештај за 2022 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки и дополнувања

10. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за отпочнување постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за реализација на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1-делница Куманово-Бељаковце“

11. Информација за потребата од нови вработувања во Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

12. Информација за оправданоста на барањето за вработување во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

13. Годишна пресметка за 2022 година и Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука

14. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (Агенција за стоковни резерви)

15. Информација за потребата од вработување на неопределено работно време во Јавната установа Национален парк Маврово во 2023 година

16. Информација во врска со потребата од донесување на одлука за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба за изградба на инфраструктурен објект-Трафостаница 10(20) кв ТС „Владимирски пат“ во Општина Берово, со Предлог-одлука

17. Барање за донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

18. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Куманово

19. Предлог-фискална стратегија на Република Северна Македонија 2024-2028

20. Информација со Предлог-основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2024-2028 година

21. Информација за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност

22. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

23. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година

24. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година

25. Предлог-програма за заштита на потрошувачите за 2023 година

26. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино, со Предлог-одлука

27. Предлог-одлука за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.12 Драгор, во ловен реон Битола

28. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Павле Лазов ул. Христо Ботев бр. 97, Неготино, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Реџеп Аземовиќ, на ул. Мара Минанева, бр.65, Струмица, со Предлог-одлука
30. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Донка Маркова ул. Данко Дафков бр.16, Кавадарци, со Предлог-одлука

31. Информација за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Казнено-поправен дом Прилеп, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на примарен пристап од магистрален пат А3 до ТИРЗ Струга со ленти за приклучување и исклучување за технолошко-индустриска развојна зона (ТИРЗ) КО Мислешево вон град, Општина Струга, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110 kV далекувод ТС Велес-ТС Овче Поле, Општина Велес, Општина Лозово и Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

34. Информација за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со предлог-одлуки

35. Информација во врска со Барањето на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр. 361, со текст на Анекс бр.3 на Договорот

36. Информација за донесување на решение за одобрување на Планот за ремедијација ЛОТ 3 на локацијата во АД ОХИС-Скопје

37. Информација за одржаниот состанок во врска со прашањето со наплатата на ненаплатени побарувања кон ЈКП корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица

38. Информација во врска со барањето на согласност за пренос на уделите на „Хидро Дошница“ ДОО Кавадарци, концесионер во Договорот за концесија за користење на

вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Папрад, МХЕЦ Боров Дол, со Предлог-одлука

39. Информација за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година, со Предлог-одлука

40. Информација за изменување и дополнување на Решението за формирање на работна група за развој на информациски систем за управување со државна помош (SAMIS), со Предлог-решение

41. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународни договори во врска со доставено известување од адвокатската куќа Orrick, Herrington & Sutcliffe за предметот Гокул Дас Бинани и Маду Бинани како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна со прилог барање за промена на динамика на плаќање, а во врска со прифатена спогодба за нагодба/порамнување за намирување на долгот на Бинаниеви кон Република Северна Македонија

42. Информација за поднесената Иницијатива за формирање на хибридни младинско-иновативни центри на територијата на Република Северна Македонија

43. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

44. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-калцитски мермери на локалитетот „Илино Брдо“, Глерждино, Општина Сопиште

45. Предлог-одлука за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба ( * )

46. Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-бакар на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров Дол ДООЕЛ Радовиш на локалитетот „Боров Дол“, Општина Конче и Општина Штип

47. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот и висината на месечните парични примања за намирување на неопходните лични потреби и патните трошоци за доаѓање на Академијата и враќање дома на почетокот и крајот на секоја студиска година и при полугодишниот распуст, како и патни трошоци при упатување на пракса од Академијата одобрени од деканот на Академијата за време на студиите на питомците и на лицата кои се упатени на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата

48. Предлог-одлука за давање на согласност на студиски програми на втор циклус на академски студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје

49. Предлог-одлука за давање на согласност на Стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје.

50. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

51. Предлог-решение за изменување на Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија

52. Информација за учество на делегација на Република Северна Македонија на 111-та сесија на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2023 година

53. Информација за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата

54. Информација за вториот извештај за степен на реализација на активностите од Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план за периодот 1 април-31 декември 2022 година

55. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Европско право и европски интеграции“ на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

56. Информација за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Подготовка на минерални суровини“ на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

57. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар (режиски трошоци)

58. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавна установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово (режиски трошоци)

59. Предлог-одлука за доделување на средства на Државен ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци (режиски трошоци)

60. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје (режиски трошоци)

61. Предлог-одлука за доделување на средства на Средно општинско училиште „Кочо Рацин“ Свети Николе (режиски трошоци)

62. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола (режиски трошоци)

63. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци)

64. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес (режиски трошоци)

65. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Боро Менков“, Крива Паланка (режиски трошоци)

66. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при Средно општинско училиште „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод

67. Предлог-одлука за доделување на средства на Средно медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“ Скопје (режиски трошоци)

68. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје (режиски трошоци)

69. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје (режиски трошоци)

70. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола (режиски трошоци)

71. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип (режиски трошоци)

72. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (режиски трошоци)

73. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп (режиски трошоци)

74. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пласница (мебел)

75. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (мебел)

76. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (мебел)

77. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево (мебел)

78. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (мебел)

79. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка (мебел)

80. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (Државен студентски дом „Пелагонија“ Скопје)

81. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државно средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“ Охрид)

82. Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка (поднесен од група пратеници)

83. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов

84. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2022 година

85. Годишен извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2022 година

86. Годишен извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година

87. Барање за давање на автентично толкување на членот 11 од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр.36/90, 44/90, 11/91, „Службен весник на Република Македонија“ бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09,

42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/23 и 65/23), поднесено од пратеникот Димитар Апасиев

88. Иницијатива од адвокат Николчо Атанасовски од Делчево, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.54/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 99 став (3) од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19, 275/19, 110/21 и 89/22)

89. Иницијатива поднесена од адвокатите Александар Ристески и Рајна Наумовска-Марковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.29/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 364 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18)

90. Понуда од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3237, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2464, викано место/улица „Чар“

91. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13183 за КО Драчево 2, на КП бр.11280, викано место/улица „Марков Рид“

92. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82150 за КО Карпош, на КП бр.3006/14 викано место/улица „Букурешка“

93. Понуда од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.400 за КО Магарево, на КП бр.449, викано место/улица „Село“

94. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1883, за КО Бутел, на КП бр.2755, викано место/улица „Рудо бр.41“

95. Понуда од нотар Богданка Бакаловска од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.355 и Имотен лист бр.498, за КО Претор, на КП бр.588/1

96. Понуда од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2174 за КО Негорци, на КП бр.3521, викано место/улица „Село“, со дополнување

97. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1549 за КО Пештани на КП бр.1508/2, викано место/улица „Село“

98. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 101407 и Имотен лист бр. 101856 за КО Охрид 4, на КП бр.5310/1 викано место/улица „Град“

99. Понуда од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.54308 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.877, викано место/улица „Жил Верн 12“

100. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.214 за КО Раклиш на КП бр.5102 дел 1 викано место/улица „Падарница“

101. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3259 за КО Глуво Бразда на КП бр.2989/1, викано место/улица Поројница и Имотен лист бр.3189 за КО Глуво Бразда на КП бр.2874, викано место/улица „Чар“

102. Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје доставен под И бр. 3749/22 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 90 и Имотен лист бр. 72 за КП бр. 714 и КП бр. 912 за КО Бујковци и Заклучок за прва усна јавна продажба, закажана на 9 јуни 2023 година, во 10:00 часот

103. Кадровски прашања

104. Прашања и предлози

105. Информација за проблемите со кадровската екипираност на дипломатско-конзуларните претставништва

106. Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2022 година

107. Годишен извештај за работата на националниот координативен центар за гранично управување за 2022 година

108. Годишен извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2022 година

109. Извештај за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2022 година

110. Годишен извештај за работата на Националниот совет за културно наследство за 2022 година

111. Информација за бројот на моторни возила отстапени по институции за 2020, 2021 и 2022 година, како и целосен преглед на возила евидентирани во Агенцијата за управување со одземен имот

112. Акциски план за реализација на препораките кои се однесуваат на Министерството за животна средина и просторно планирање по спроведената ревизија на успешност на тема: „Даноците за животна средина во функција на ефективно спроведување на политиките за заштита на животна средина"

113. Извештај за работата на Информативното тело формирано согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Северна Македонија за Светската трговска организација

114. Информација за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија во првиот квартал во 2023 година

115. Информација за спроведување на Националната стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023

116. Информација од Претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за статус на арбитражна постапка од страна на ГАМА Гуч системлери Мехндислик ве Таахнут А.Ш., против Република Северна Македонија, заведена под број ICC Case Number 26696/HBH и известување за ангажирање на експерт/вештак за стечајно право

117. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, во периодот јануари-март 2023 година

118. Акциски план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Користење на водите за наводнување" на Јавното претпријатие „Стрежево"-Битола

119. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, за периодот X-XII-2022 година

120. Годишен извештај за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија

121. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021 година"

122. Извештај за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2022 година

123. Записник од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29 мај 2023 година со Записник од Втората седница на Групата за процена, одржана на 11 мај 2023 година, Записник од Четвртата седница на Групата за процена, одржана на 23 мај 2023 година и со предлог-одлуки

124. Информација во врска со постапката на основање на три нови трговски друштва за приредување на интернет игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука

125. Информација за потребата од преземање активности за самостојно приредување на интернет игрите на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

126. Информација за реализација на Фаза I-Водоснабдување од проектот ХС „Злетовица“ за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, Пробиштип и Лозово

127. Информација за обезбедени грант средства за консултантски и инженерски услуги за системот за одведување и третман на отпадни води за Охридско Езеро, со текст на Меморандум и Договор

128. Предлог-програма за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2023 година

129. Информација за потребата од обезбедување на заем заснован на политики од Кредитната банка за обнова-КфВ наменет за буџетска поддршка

130. Информација од одржаните разговори со мисијата на Светска банка во периодот 28-31 март 2023 година за потребата од обезбедување на заем за развојни политики

131. Информација за потребата од преземање активности за самостојно приредување на електронските игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија

132. Годишен извештај за 2022 година, финансиски извештаи за годината, завршена на 31 декември 2022 година, со Извештај на Независниот ревизор и Финансиски план за деловната 2023 година, на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија

133. Информација во врска со одржување на продолжение на прекината седница на Годишното собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 9.6.2023 година

134. Информација за потребата од преземање активности за надзор и мониторинг над видеолотариските терминали за приредување на електронски игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

135. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија-Транспорт АД-Скопје за склучување на Анекс 4 кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје и АД МЕПСО-Скопје, со предлог-одлуки

136. Информација за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство

137. Информација за реализацијата на активностите за имплементација на Концепцијата за основно образование

138. Информација за доставување на Проект за основање на Факултет за здравствени науки при Меѓународниот универзитет „Визион"-Гостивар, со Предлог-одлука

139. Информација за постапување по заклучоците од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија во врска со Информација за отпочната арбитражна постапка по однос на раскинување на Договор за изведба на градежни работи на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза", Скопје бр. RHPI-II-ICB-002-16 со арх. бр. 20-74/34 од 19.5.2017 година

140. Информација за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2023 година

141. Информација за формирање на работна група за воспоставување на механизам за проверка на странски инвестиции, со Предлог-решение

142. Информација за состојбата со сифон „Макарија", во ХМС Тиквеш, по настанатото оштетување

143. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата

144. Информација за поништување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр.41-3589/8 од 23.5.2023 година

145. Информација за потребата од изменување на Заклучокот по точка 71 од Нацрт-записникот од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 февруари 2023 година

146. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Balkan Warrior 23" на вооружените сили на Република Грција, со Предлог-одлука

147. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „PLATINUM WOLF 23" во Република Србија

148. Информација за подготовките за организирање на Третото издание на Преспа форум за дијалог насловен „Проширено европско семејство до 2030: (не) возможна мисија?", 15 и 16 јуни 2023 година, Струга и потребата од меѓуресорска поделба на дополнителните трошоци и организациските обврски поврзани со одржувањето на форумот

149. Информација за постапките за вработување

*

* *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 април 2023 година, Записникот од Сто педесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 мај 2023 година и Записникот од Сто педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 мај 2023 година.

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 1-Слободно движење на стоки од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

  Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 1-Слободно движење на стоки од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, најдоцна до 9 јуни 2023 година.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јануари 2023 година-30 јуни 2023 година**

  Владата заклучи:

  1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2023 година-30.6.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, согласно дописот на Министерството за финансии, да се измени и тоа:

  -Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за мали и средни претпријатија, кој ќе се склучи меѓу Француската агенција за развој (АФД) и Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, наместо предвидениот рок мај 2023 година, да биде септември 2023 година;

  -Предлогот на закон за даночна постапка, наместо предвидениот рок јуни 2023 година, да биде септември 2023 година;
  -Предлогот на закон за проспекти и обврски за транспарентност на издавачите, наместо предвидениот рок јуни 2023 година, да биде декември 2023 година;

  -Предлогот на закон за финансиски инструменти, наместо предвидениот рок јуни 2023 година, да биде декември 2023 година.

  Согласно горенаведеното, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

  2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2023-30.6.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

  3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.1.2023-30.6.2023 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за добивање на согласност за ангажирање на вработени со договор на дело во Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, согласно член 20 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и заклучи истата да се разгледа на тематската седница на Владата во врска со нови вработувања, унапредувања и зголемување на платите на јавната администрација.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија (У бр. 03-200/1).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за внатрешни работи (патнички моторни возила-Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија).

**Точка 4**

Владата по Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2022 година ја донесе Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за одговор на компјутерски инциденти за 2022 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на акциите во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот, со предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Арцелормиттал Скопје (ХРМ) Акционерско друштво за производство и промет со производи на црна металургија-топловалани траки Скопје во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на РЖ Услуги АД Скопје во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

3. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Тутунски комбинат АД Прилеп во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

4. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на УГОТУР Акционерско друштво за организирана исхрана, угостителство и туризам, агенциско работење и трговија Скопје во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

5. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Халк банка АД Скопје во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

6. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Стопанска банка АД Битола во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

7. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на Друштво за производство и промет Винарска визба Попова Кула АД Демир Капија во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

8. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за продажба на акциите на ТТК банка АД Скопје во сопственост на Агенцијата за управување со одземен имот.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, запишан во Имотен лист бр. 7936, КП 43/2, КП 43/3, КП 45/2, КП 45/3, КП 48/1, КП 49, КП 50, КП 369, КП 424, КП 429, КП 479, КП 480, КП 481, КП 481, КП 485, КП 486, КП 490 и КП 491, КО Орешани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

## Точка 7

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на АД Медиумска информативна агенција-Скопје.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за финансии-Управа за јавни приходи.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за правда.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Гостивар.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Гостивар.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за правда.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈУ „Меѓуопштински центар за социјална работа-Куманово“.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Државен инспекторат за шумарство и ловство.

9. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр. 41-42/15 од 1.2.2022 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Службата за општи и заеднички работи.

10. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр. 41-42/27 од 1.2.2022 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Службата за општи и заеднички работи.

11. Одлуката за престанок на важење на Одлуката бр. 44-1412/12 од 15.2.2020 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Службата за општи и заеднички работи.

## Точка 8

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци, Гевгелија.

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија.

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука на НУ „Ансамбл на албански ора и песни на Република Северна Македонија“-Скопје.

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“-Скопје.

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Јавна здравствена установа-Универзитетска клиника за токсикологија Скопје.

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Арачиново.

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенцијата за управување со одземен имот.

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Битола.

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Чаир.

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Чаир.

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Чаир.

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Чаир.

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Чаир.

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Арачиново.

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Сарај.

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Сарај.

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Боговиње.

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Маврово и Ростуше.

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Национална установа Гостиварски театар-Гостивар.

## Точка 9

Владата по Годишниот извештај за работењето за 2022 година, Годишната сметка за 2022 година и Финансискиот извештај за 2022 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, со предлог-одлуки и дополнувања, ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2022 година.

2. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2022 година.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2022 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2022 година.

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпочнување постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за реализација на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1-делница Куманово-Бељаковце“.

## Точка 11

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од нови вработувања во Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, со заклучок да се разгледа на тематска седница на Владата, во врска со нови вработувања, унапредувања и зголемување на платите на јавната администрација.

**Точка 12**

Владата ја одложи од разгледување Информација за оправданоста на барањето за вработување во Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје , со заклучок да се разгледа на тематска седница на Владата, во врска со нови вработувања, унапредувања и зголемување на платите на јавната администрација.

**Точка 13**

Владата по Годишната пресметка за 2022 година и Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната пресметка за 2022 година на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (Агенција за стоковни резерви).

**Точка 15**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од вработување на неопределено работно време во Јавната установа Национален парк Маврово во 2023 година, со заклучок да се разгледа на тематска седница на Владата, во врска со нови вработувања, унапредувања и зголемување на платите на јавната администрација.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од донесување на одлука за давање на согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија со непосредна спогодба за изградба на инфраструктурен објект-Трафостаница 10(20) кв ТС „Владимирски пат“ во Општина Берово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија, Акционерско друштво за услуги Скопје.

**Точка 17**

Владата по Барањето за донесување на одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Куманово и заклучи да не ја донесе Одлуката.

**Точка 19**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Предлог-фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2024-2028, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 20**

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата со Предлог-основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2024-2028 година, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 21**

Владата заклучи Информацијата за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност да се разгледа на наредната седница на Владата, во присуство на претставници од Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Точка 22**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој.

**Точка 23**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година.

**Точка 24**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2023 година.

## Точка 25

Владата ја донесе Програмата за заштита на потрошувачите за 2023 година.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Паликура 2“, Општина Неготино.

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за присилна концесија на дивечот од ловиштето бр.12 „Драгор“, во ловен реон Битола.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Павле Лазов ул. Христо Ботев бр. 97, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со РеџепАземовиќ, на ул. Мара Минанева, бр.65, Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 30

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Донка Маркова ул.„Данко Дафков“ бр.16, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Казнено-поправен дом Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Казнено-поправен дом Прилеп.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфрастукура за изградба на примарен пристап од магистрален пат А3 до ТИРЗ Струга со ленти за приклучување и исклучување за технолошко-индустриска развојна зона (ТИРЗ) КО Мислешево вон град, Општина Струга, со Предлог-одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфрастукура за изградба на примарен пристап од магистрален пат А3 до ТИРЗ Струга со ленти за приклучување и исклучување за технолошко-индустриска развојна зона (ТИРЗ) КО Мислешево вон град, Општина Струга.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110 kV далекувод ТС Велес-ТС Овче Поле, Општина Велес, Општина Лозово и Општина Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на 110 kV далекувод ТС Велес-ТС Овче Поле, Општина Велес, Општина Лозово и Општина Свети Николе.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени постапки за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов на риболовни води, со предлог-одлуки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовно подрачје „Охридско Езеро“.

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“.

3. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Градче“.

4. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глажња“.

5. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 2-Прилепски“.

6. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпиље“.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Дис енергија ДОО Скопје, за продолжување на рокот за изградба и почеток со работа на малата хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала Река со реф.бр. 361, со текст на Анекс бр.3 на Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија, како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа, МХЕЦ Мала река со реф.бр.361, бр. 11-2436/1 од 11.4.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 22.1.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Дис енергија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мала хидроелектрична централа МХЕЦ Мала река со реф.бр.361, најмалку до 22.3.2024 година.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на решение за одобрување на Планот за ремедијација ЛОТ 3 на локацијата во АД ОХИС-Скопје, ја усвои и го задолжи министерот за животна средина и просторно планирање во рок од пет дена да донесе решение за одобрување на Планот за ремедијација ЛОТ 3 на локацијата во АД ОХИС-Скопје.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот состанок во врска со прашањето со наплатата на ненаплатени побарувања кон ЈКП корисници на вода од регионалниот водоснабдителен систем Студенчица, ја усвои Информацијата и му препорача на ЈП за водоснабдување Студенчица-Кичево да ги преземе сите законски предвидени можности за целосна наплата на побарувањата и за спречување на нивно застарување.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на согласност за пренос на уделите на „Хидро Дошница“ ДОО Кавадарци, концесионер во Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Папрад, МХЕЦ Боров Дол, со Предлог-одлука, ја усвои Информација и ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на уделите од Друштвото за производство и промет на електрична енергија „Хидро Дошница” ДОО Кавадарци на друштвата „ЏСП АКУЕЛ” ДОО Скопје и „ЏС АКТУЕЛ” ЃОКО ДООЕЛ Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на средства остварени по основ на надоместок за производство на енергија од фосилни горива како наменски дотации на општините за 2021 година.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на Решението за формирање на работна група за развој на информациски систем за управување со државна помош (SAMIS), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување и дополнување на Решението за формирање на работна група за развој на информациски систем за управување со државна помош.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународни договори во врска со доставено известување од адвокатската куќа Orrick, Herrington & Sutcliffe за предметот Гокул Дас Бинани и Маду Бинани како тужители против Република Северна Македонија како тужена страна со прилог барање за промена на динамика

на плаќање, а во врска со прифатена спогодба за нагодба/порамнување за намирување на долгот на Бинаниеви кон Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност на предложената променета динамика на плаќање, а во врска со прифатена спогодба за нагодба/порамнување за намирување на долгот на Бинаниеви кон Република Северна Македонија, на седницата на Владата, одржана на 27.12.2022 година.

2. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, во својство на претседавач на Координативното тело, во рок од три дена, да достави известување до адвокатската куќа Орик, Херингтон и Сатклиф (Orrick, Herrington & Sutcliffe) дека Владата на Република Северна Македонија е согласна со предложената променета динамика на плаќање.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за поднесената Иницијатива за формирање на хибридни младинско-иновативни центри на територијата на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја задолжи Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги преземе потребните активности за формирање на младински иновативен центар, за што е потребно да се утврди формата и начинот на основање на истиот (со соодветни програми и сл.).

2. Го назначи секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, Васко Кичевски, за координатор на активностите поврзани со формирање на ваков младински иновативен центар (помеѓу Владата на Република Северна Македонија, Асоцијацијата на Старт ап заедницата на Република Северна Македонија, Скопје и Меѓународното здружение на граѓани Културно ехо-Скопје).

3. Го задолжи Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, да подготви и до Владата да достави информација за правниот статус и фактичката состојба на недвижните ствари на КП 6666/10 КО Кисела Вода 2 и неговата потреба од истите, до наредната седница на Владата.

4. Ја задолжи Агенцијата за млади и спорт, во рок од 45 дена, да изработи архитектонско урбанистичко идејно решение за КП 6666/10 КО Кисела Вода 2.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина-калцитски мермери на локалитетот „Илино Брдо“, Глерждино, Општина Сопиште.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба ( * ).

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-бакар на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров Дол ДООЕЛ Радовиш на локалитетот „Боров Дол“, Општина Конче и Општина Штип.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот и висината на месечните парични примања за намирување на неопходните лични потреби и патните трошоци за доаѓање на Академијата и враќање дома на почетокот и крајот на секоја студиска година и при полугодишниот распуст, како и патни трошоци при упатување на пракса од Академијата одобрени од деканот на Академијата за време на студиите на питомците и на лицата кои се упатени на стручно оспособување и усовршување со завршен прв циклус на студии за потребите на Армијата.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии во смисла средствата за наредните години да се планираат во рамки на одобрените максимални износи на расходи за наредниот среднорочен период.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на студиски програми на втор циклус на академски студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“- Скопје.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност на Стручна студиска програма на втор циклус на специјалистички стручни студии на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“-Скопје.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, средствата за наредните години да се планираат во рамки на одобрените максимални износи на расходи за наредниот среднорочен период.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила).

**Точка 51**

Владата го донесе Решението за изменување на Решението за именување на претседател и членови на македонскиот дел на меѓувладината Мешовита комисија за спроведување на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за заштита на правата на македонското малцинство во Република Хрватска и хрватското малцинство во Република Македонија.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за учество на делегација на Република Северна Македонија на Сто и единаесеттата сесија на меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од 10 дена да номинира двајца претставници од Министерството за труд и социјална политика, кои ќе учествуваат на Меѓународната конференција на трудот во Женева, во јуни 2023 година, а министерот за труд и социјална политика да ја предводи делегацијата на Конференцијата.

2. Се укажува на Сојузот на синдикатите на Македонија и Организацијата на работодавачи на Македонија, во рок од три дена, да номинираат по еден претставник кој ќе учествува на Меѓународната конференција во Женева, во јуни 2023 година, а номинациите да ги достават до Министерството за труд и социјална политика, кое ќе ги подготви и испрати акредитациите за сите членови на делегацијата, до Канцеларијата на Меѓународна организација на трудот во Женева.

## Точка 53

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за вториот извештај за степен на реализација на активностите од Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2021-2023, со Акциски план, за периодот 1 април-31 декември 2022 година и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за правда и Министерството за внатрешни работи ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го задолжи Министерството за правда во рок од седум дена од денот на усвојувањето на оваа информација да подготви и до Владата да достави предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

2. Го задолжи Министерството за внатрешни работи до крајот на 2023 година до Владата да достави нова предлог-стратегија за јакнење на капацитетите за водење на финансиска истрага и конфискација на имот со акциски план.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на студии по „Европско право и европски интеграции" на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и даде Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Европско право и европски интеграции" на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

## Точка 56

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Подготовка на минерални суровини" на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Подготовка на минерални суровини", на Факултетот за природни и технички науки, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Точка 57**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ“ Гостивар (режиски трошоци).

**Точка 58**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Јавна установа Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово (режиски трошоци).

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државен ученички дом „Крсте Петков Мисирков“ Кавадарци (режиски трошоци).

**Точка 60**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје (режиски трошоци).

**Точка 61**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Средно општинско училиште „Кочо Рацин“ Свети Николе (режиски трошоци).

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“ Битола (режиски трошоци).

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Браќа Миладиновци“ Струга (режиски трошоци).

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес (режиски трошоци).

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Боро Менков“, Крива Паланка (режиски трошоци).

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Средно општинско училиште „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод (режиски трошоци).

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Средно медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“ Скопје (режиски трошоци).

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски Сениќ“ Скопје (режиски трошоци).

**Точка 69**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје (режиски трошоци).

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола (режиски трошоци).

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ Штип (режиски трошоци).

**Точка 72**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (режиски трошоци).

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Народен херој Орде Чопела“ Прилеп (режиски трошоци).

**Точка 74**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пласница (мебел, за потребите на ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ с. Пласница, Пласница).

## Точка 75

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (мебел, за потребите на ООУ „Св.Климент Охридски“ Охрид).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (мебел, за потребите на ООУ „Кочо Рацин“ Охрид).

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (мебел, за потребите на ООУ „Христо Узунов“ Охрид).

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (мебел, за потребите на ООУ „Братство Единство“ Охрид).

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (мебел, за потребите на ООУ „Ванчо Николески“ с. Лескоец Охрид).

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (мебел, за потребите на ООУ „Григор Прличев“ Охрид).

7. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (мебел, за потребите на ООУ „Живко Чинго“ с.Велгошти Охрид).

## Точка 76

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, с.Канатларци-Прилеп).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Климент Охридски“, Прилеп).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Прилеп).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Рампо Левката“, Прилеп).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Блаже Конески“, Прилеп).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Прилеп).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Добре Јованоски“, Прилеп).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (за потребите на ООУ „Кире Гаврилоски-Јане“, Прилеп).

**Точка 77**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево (мебел, за потребите на ООУ „Ванчо Китанов“ Пехчево).

**Точка 78**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (мебел, за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“ Пробиштип).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип (мебел, за потребите на ООУ „Никола Карев“ Пробиштип).

**Точка 79**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка.

**Точка 80**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (Државен студентски дом „Пелагонија“ Скопје).

**Точка 81**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Државно

средно училиште Регионален центар за стручно образование и обука „Ванчо Питошески“ Охрид).

**Точка 82**

Владата го разгледа Предлог на закон за дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10. 000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка, е поднесен од овластен предлагач.

Предлогот на закон е поднесен со цел поефикасна имплементација на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (Делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за Автопатот Требениште-Струга-Ќафасан) и Коридор 10Д Делница на Автопат Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 163/21) и надминување на проблемите за изведувачите на работите во однос на обврските кои за нив произлегуваат од случајно наоѓање на археолошко наоѓалиште од државно значење за предложеното дополнување на членот 65 од истиот, кое гласи:

„(3) Како исклучок на став (1) од овој член, доколку за време на вршење на градежни работи за проекти од државно значење е пронајдено археолошко наоѓалиште, односно предмет од археолошко значење, изведувачот на работите:

1. веднаш, а најдоцна во рок од три дена писмено ќе го извести надзорниот инженер за случајното откритие;

2. ќе ги запре работите и ќе го обезбеди случајното откритие од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и

3. ќе ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.“,

Владата не може позитивно да се произнесе по Предлогот на закон и истото го заснова на низата меѓународни ратификувани конвенции и договори кои се вградени во актуелниот Закон за заштита на културното наследство, а се во спротивност со предложеното дополнување на членот 65, за што негативно се произнесе и стручната и научната јавност во државата. Истовремено, предметното дополнување се коси со основните начела и дефиниции во истиот закон и ќе предизвика долгорочни негативни појави и состојби во областа на археологијата и

заштитата на културните добра, при што неповратно ќе се уништатат и загубат значајни археолошки артефакти и податоци кои се нераскинлив дел од европската и светската научна и стручна дебата, анализа и презентација во оваа област.

Исто така, се истакнува дека, на проектираните траси од коридорите 8 и 10Д веќе се евидентирани значајни археолошки наоѓалишта и се нагласува дека, наодите од Требеништа, Делогожда, Таранеш, Ташмаруништа и останатиот Охридско-Струшки, Гостиварско-Дебарски и Пелагонискиот Регион се вградени и се нерасклива алка од европската археолошка карта.

Имајќи го предвид горенаведеното, се укажува дека, во согласност со Законот за заштита на културното наследство, предложеното дополнување во членот 65 од истиот закон ќе има негативен одраз на културното наследство, дефинирано како темелна вредност на Република Северна Македонија што се заштитува во секакви околности, а неговата заштита е од јавен интерес и се остварува задолжително на целата територија на државата според неговите вредности, значење и степен на загрозеност, без оглед на времето, местото и начинот на создавањето или кој го создал и во чија сопственост или владение се наоѓа, како и без оглед дали е од световен или религиозен карактер и на која конфесија припаѓа или дали е регистрирано (член 5). Исто така, заштита на културното наследство во смисла на овој закон е истражување, идентификација, валоризација, ревалоризација, категоризација, прогласување, регистрација и означување на културното наследство, негово чување, почитување, негување и одржување, конзервација, реставрација, реконструкција и ревитализација, како и превенција, надзор, реституција, презентација, популаризација и секој друг облик на непосредно или посредно зачувување на културното наследство што се остварува во јавен интерес (член 11).

Истовремено, овие начела се преземени и вградени во актуелното законско решение со ратификација на повеќе меѓународни конвенции и договори, од кои значајно е да се спомне донесувањето на Законот за ратификација на ревидираната Европска конвенција за заштита на археолошкото наследство во 2005 година.

Исто така, се потенцира дека културното наследство е задолжителен дел од низа конвенции и документи кои се во релација со пристапните преговори со Европска Унија, во делот на Поглавјето 26 што се однесува на културата. Во оваа смисла се: Европската рамка за делување во областа на културното наследство; Европската рамка на Конвенцијата за вредноста на културното наследство за општеството; Европската стратегија за културно наследство за 21 век; Новата европска агенда за култура; Работниот план за културата и др.

Истовремено, се укажува дека, претставници од релевантните стручни структури во областа на археологијата и заштитата на културното наследство, остварија средби со актуелниот министер за култура, при што беа дефинирани заедничките заложби, да бидат вклучени стручни лица и во текот на проектирањето на

градежните работи, односно трасите на патните коридори, исто така, да биде ангажиран постојан стручен надзор од надлежните национални установи од областа на заштитата на културното наследство за цело време на вршењето на градежните работи за проекти од државно значење и доколку се наиде на археолошко наоѓалиште, во најкраток временски рок да биде обезбедена дозвола за археолошки истражувања, веднаш да биде активиран целосниот стручен археолошки потенцијал во државата за изведба на итни и неодложни археолошки истражувања на местото на наод, при што, ќе биде истражен просторот засегнат од градежните работи и зависно од откриените структури ќе биде направено документирање на недвижниот и движниот археолошки материјал, депонирање на движните наоди во надлежната музејска установа и продолжување на градежните работи или документирање на недвижниот и движниот археолошки материјал, депонирање на движните наоди во надлежната музејска установа и доколку се откријат структури на објект што треба да биде заштитен и презентиран на лице место, ќе биде извршена корекција на проектираната траса, односно изведбата на градежните работи, како што е предвидено во Законот за заштита на културното наследство и Правилникот за археолошки истражувања.

Имајќи ги предвид добрите практики засновани на актуелната домашна и меѓународна законска регулатива, се укажува дека Владата во соработка со сите релевантни чинители во областа на заштитата на културното наследство, со целосна посветеност и стручен капацитет стои на располагање за непречено и ефикасно одвивање на градежните работи на проекти од државно значење, при што ќе биде запазен интегритетот на културните добра.
Согласно погоре наведеното Владата на Република Северна Македонија не може позитивно да се произнесе по Предлогот на закон за дополнување на Законот за заштита на културното наследство, по скратена постапка.

## Точка 83

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, поднесен од пратениците Димитар Апасиев и Борислав Крмов и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за здравстеното осигурување, здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно.

Задолжителното здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република Северна Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на задолжителност, сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон.

Според начелото на задолжителност, здравственото осигурување е задолжително за сите граѓани кои во член 5 став 1 од Законот се наведени како осигуреници, односно согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување,

како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување. Со стекнувањето на својството на осигуреник, здравственото осигурување станува задолжително. На тој начин Законот на сите осигуреници им обезбедува социјална сигурност, односно здравствено осигурување за случаите во кои можат да се остваруваат права на заштита на здравјето во случај на болест и повреда.

Со задолжителното здравствено осигурување се обезбедуваат здравствени услуги и парични надоместоци, односно право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

Правото на надоместок на плата можат да го остварат сите лица кои се во работен однос според прописите за работните односи кои за својата работа остваруваат плата, а кои не можеле да ја остварат поради тоа што биле спречени за работа поради болеста, односно повредата. Ова се однесува и на правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, кое исто така, произлегува од прописите за работните односи и им припаѓа на осигурениците кои се во работен однос и кои за својата работа би оствариле плата, а кои се спречени да ја остварат поради тоа што очекуваат раѓање на дете и отсуство поради одгледување на детето.

Согласно тоа, со Законот за здравственото осигурување на товар на средствата од задолжителното здравствено осигурување и покрај социјалниот карактер на правото на надоместок на плата се гарантира висок степен на економска, односно социјална сигурност на осигуреникот. Правото на надоместок на плата е право кое произлегува и се утврдува со прописите од областа на работните односи, а со Законот за здравственото осигурување се регулираат критериумите и условите за остварување на ова право и висината на износот на надоместокот на плата. Значи, правото на надоместок на плата не произлегува од Законот за здравственото осигурување, односно ова право е право кое произлегува од работниот однос и соодветно е регулирано во Законот за работните односи, а со Законот за здравственото осигурување се регулира само начинот, условите и критериумите за користење на ова право во услови кога се користи на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување. Оттука, погрешно и неточно е дека одредбите од Законот се ограничувачки и дека определена категорија осигуреници се исклучени во делот на користењето на правото на надоместок. Погрешна е констатацијата на пратениците, подносители на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, дека Законот за работните односи го уредува правото на породилно отсуство, но носители на ова право се исклучиво категориите уредени со Законот за здравственото осигурување. Се потенцира дека Законот за работните односи утврдува кои категории на лица имаат право на надоместок на плата, односно кој и кога може да добива надоместок на плата, а Законот за здравственото осигурување само ги презема/пресликува тие одредби и утврдува услови за користење на правото на надоместок на плата.

Законот за здравственото осигурување не прави селекција, не прави подвојување кој ќе зема надоместок на плата, а кој нема да зема. Ова прашање е уредено со прописите од областа на работните односи. Законот за здравственото осигурување не исклучува одредени категории осигуреници од користење на правото на надоместок на плата од проста причина што овој закон не го ни утврдува ова право, туку само ги доуредува одредбите од Законот за работните односи. Уште повеќе што предмет на уредување на одредбите од Законот за здравственото осигурување не е финансиска поддршка или финансиска помош. Предмет на уредување се правата и обврските од здравственото осигурување во областа на здравствената заштита.

Како што е погоре истакнато, правото на надоместок на плата е пред се право од социјален карактер и не претставува ниту здравствена услуга, ниту има карактер на здравствена заштита. Да не се занемари фактот дека со средствата од задолжителното здравствено осигурување пред се се плаќаат здравствените услуги и Фондот, како е предвидено и во Законот за здравственото осигурување, е купувач на здравствени услуги.

Владата, согласно претходно изнесеното, е на став дека не станува збор за ограничување помеѓу оние граѓани кои се во работен однос и оние граѓани кои вршат земјоделска дејност. Имено, од една страна имаме заснован работен однос со сите посебности и карактеристики што произлегуваат од самиот работен однос, а од другата страна имаме вршење на земјоделска дејност со сите свои посебности и специфики кои произлегуваат од самата природа на земјоделската дејност. Во првиот случај работникот/работничката за извршената работа и постигнатите резултати од работодавецот добива плата, а во вториот случај вршителот на земјоделската дејност остварува приход од вршењето на дејноста. Во услови кога поради болест или повреда, како и поради бременост, раѓање и мајчинство работникот/работничката не може да учествува во работниот процес, не може да постигнува резултати и не може да го оствари правото на плата, Законот за работните односи заради социјална и економска сигурност утврдува надоместок на плата што во вториот случај не може да се реализира и не може да станува збор за надоместок на плата од проста причина што не постои плата, туку приход од вршење на земјоделска дејност. Секако ова не значи дека не треба да се размислува за финансиска поддршка на земјоделците/земјоделките кога поради болест, повреда или раѓање на дете се спречени за вршење на земјоделската дејност, но не смее ниту пак има правен основ тоа да се бара на товар на средствата на здравственото осигурување, а особено што не станува збор за какво било ограничување помеѓу двете категории на граѓани.

Во изминатиот период, Министерството за здравство, заедно со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Управата за јавни приходи, Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, во координација со Националната федерација на фармери, интезивно

и со одлична соработка работеа на изнаоѓање на системско решение на отворените прашања поврзани со финансиската поддршка на лицата кои вршат земјоделска дејност во случаите на бременост, раѓање и мајчинство, како и во случаите на спреченост за вршење на земјоделската дејност поради болест или повреда. Поради виталното значење на прашањето за финансиска поддршка на земјоделците и напорите за неговото ургентно решавање, како времено решение произлезе Програмата за 2023 година со која се обезбедува социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност со тоа што ќе им биде овозможено користење на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделска дејност поради раѓање на дете.

Паушални се аргументите што ги истакнуваат граѓанските организации во насока на тоа дека со Програмата донесена од Владата на Република Северна Македонија ќе има самоволие, дека исплатата на финансиската поддршка ќе зависи од волјата на министерот од ресорот земјоделство, шумарство и водостопанство или пак исплатата на средствата ќе зависела од политичките побуди, односно јавното изразување, па дури и дека и покрај законската обврска, Програмата може и да не биде донесена за дадена календарска година. Понатаму, наводите дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не било надлежно, ниту имало административен капацитет и експертиза за уредување и остварување на конкретното прашање се без основ, особено што предмет на уредување на Законот за здравственото осигурување не претставува финансиската поддршка од една страна, ниту Фондот за здравствено осигурување исплатува финансиска поддршка од друга страна. Фондот пред се е купувач на здравствени услуги и плаќа за користените здравствени услуги.

Во заеднички интерес на сите е да се изнајде системско и трајно решение за земјоделците/ките и од таа причина заедно со надлежните институции се преземаат активности и интензивно се работи да се одговори на потребите и барањата на населението кое врши земјоделска дејност.

Согласно претходно изнесеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на доставениот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка, инициран од пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, со конкретни забелешки за секоја прелог-законска одредба:

1. Со членот 1 од Предлогот на закон, се предлага во член 13, во ставот 1, во воведната реченица зборовите: „член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон“ да се заменат со зборовите: „член 5 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон“ . Вака предложената одредба пред се е контрадикторна на самиот поднаслов пред членот 13 од Законот за здравственото осигурување кој гласи: „1.Надоместок на плата“ и насловот на членот 13 кој гласи: „Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда“. Понатаму, ставот 1 од членот 13 започнува со зборовите: „Право на надоместок на плата за време на....“. Последниот став од членот

13 утврдува дека надоместокот на плата припаѓа од првиот ден на спреченост за работа и трае цело време додека трае спреченоста за работа, а се исплатува за деновите за кои се остварува плата според прописите за работни односи. Оттука, логично се поставуваат неколку прашања кои произлегуваат од самата предлог одредба и нејзината примена во постојниот систем на задолжителното здравствено осигурување. Индивидуалните земјоделци не се во работен однос и не земаат плата. Како може за оваа категорија осигуреници да се примени предложената одредба од членот 13? Како овие осигуреници ќе имаат право на надоместок на плата кога воопшто немаат плата и како надоместокот на плата ќе се исплатува за деновите за кои се остварува плата според прописите за работни односи, кога воопшто немаат работен однос и не се опфатени со прописите од областа на работни односи.

2. Со членот 2 од Предлогот на закон, се предлага во член 14, во ставот 1 зборовите: „член 5 став 1 точки 1, 2 и 3 на овој закон" да се заменат со зборовите: „член 5 став 1 точки 1, 2, 3 и 4 од овој закон".

Забелешките во однос на членот 2 од Предлогот на закон се исти како и за членот 1 од Предлогот на закон, односно и тука станува збор за контрадикторност на предлог одредбата со насловот, предметот на уредување и содржината на постојниот член 14.

Во оваа насока повторно се поставува прашањето за примената на предложената одредба во услови кога жените кои вршат земјоделска дејност не се во работен однос и не земаат плата, па оттука како да се утврди правото на надоместок на плата за време на бременост, раѓање и мајчинство за период утврден со прописите од областа на работните односи, а самите тие, како категорија, не се опфатени со Законот за работните односи.

3. Членот 3 од Предлогот на закон не соодветствува со содржината и поимите содржани во Законот за здравственото осигурување. Оваа предлог одредба како и со претходните предлог одредби не може да се примени од причина што зборовите „породилно отсуство" остануваат непрепознаени во постојниот закон, односно таков термин не постои од првиот до последниот член во важечкиот законски текст.

Конкретниот Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка е спротивен на постојниот правен систем и истиот не може да се примени во праксата што доведува до негативни последици и правна несигурност токму за оние за кои е наменет, а тоа се лицата кои вршат земјоделска дејност.

## Точка 84

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2022 година се доставува согласно член 6, став 1 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија" бр 130/14, 53/16 и 11/18).

Доставениот извештај е од информативен карактер и содржи осврт на веќе реализираните активности во 2022 година додека пак презентираните финансиски показатели се во согласност со трезорската евиденција.

Извештајот ја опфаќа надлежноста, организационата структура како и вкупниот број на примени и решени предмети во 2022 година.

Државната комисија почнувајќи од 1 јануари 2021 година веќе не е надлежна да постапува по жалбите против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган и истата е пренесена на Управниот суд на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2022 година.

<u>Точка 85</u>

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 13 од Законот за административни службеници став (2) е предвидено дека Агенцијата за администрација за својата работа за претходната година до Собранието на Република Северна Македонија доставува годишен извештај најдоцна до 31 март во тековната година. Агенцијата за администрација го доставила извештајот до Собранието на Република Северна Македонија во рок, на 31.3.2023 година.

Извештајот за работа на Агенцијата за администрација за 2022 година содржи резиме, вовед, статус, раководство, надлежности и организациона структура, Реализирани активности произлезени од законските надлежности, стратешкиот план и програмата за работа, Активности за подобрување на квалитетот во работењето, соработка со други институции и меѓународна соработка, Буџет, завршна сметка и финансирање, заклучоци, препораки и прилози. Во точката 4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности, стратешкиот

план и програмата за работа, дадено е приказ кои се однесува на надлежностите на Агенцијата согласно член 14 од Законот за административни службеници и тоа:

-објавување на огласи за вработување на административни службеници,

-организација на постапки за селекција на административни службеници,

-постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен,

-спроведување на испитот за административен службеник и испитот за административно управување,

-водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и

-други работи утврдени со закон, и тоа преку бројки, проценти, табели и графикони.

Согласно законските надлежности се укажува дека Агенцијата нема надлежност да дава препораки, коментари и забелешки, во однос на законите, ниту да предлага мерки и ревидирање на надлежности (Закон за административни службеници и Закон за вработените во јавниот сектор).

Во секој случај, при подготовка на Предлог на закон и при секоја измена и дополнување на закон во текот на подготовка на истите се врши консултација со засегнати страни. Имено, при изработка на новите Предлог на закон за административни службеници и Предлог на закон за вработените во јавниот сектор во самата работна група за изработка на предлог-законите беа вклучени претставници на Агенцијата за администрација. Дополнително сите коментари, предлози и забелешки кои се доставени на ЕНЕР се разгледуваат при финализирање на предлог-законите.

Во точка 8 Заклучоци и точка 9. Препораки, во деловите кои се однесуваат на Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор смета дека треба да изостанат деловите со кои Агенцијата предлага мерки и

ревидирање на надлежностите за делот на администрација, а соодветно и во точката 1. Резиме.

Владата на Република Северна Македонија, нема забелешки во однос на останатиот дел на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за администрација за 2022 година.

## Точка 86

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 12 став (2) од Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 27/14, 42/14, 127/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/18 и 27/19 година и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 150/21 и 227/22) ), Агенцијата за пошти за својата работа е должна до Собранието на Република Северна Македонија да достави годишен извештај за работата за претходната година и годишна програма за наредната година. Исто така, согласно член 16 став 1 алинеја 7 од истиот закон Комисијата го одобрува годишниот извештај за работа за претходната година на Агенцијата и годишната сметка.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти во 2022 година содржи вовед и 6 поглавја.

Воведот содржи преглед на позицијата на Агенцијата за пошти како регулаторно тело, односно на Комисијата и директорот како органи на Агенцијата за пошти и тоа од аспект на надлежностите и активностите кои тие ги имаат, а се во согласност со Законот за поштенските услуги и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

Во однос на подзаконските акти, Агенцијата за пошти во текот на 2022 година има донесено два правилници и повеќе интерни акти за нејзино тековно работење. При тоа, постапката за носење на подзаконските акти (правилниците) ја врши во две фази, односно, нацртот на општиот акт го изготвува директорот и го доставува до Комисијата која го разгледува и дава мислења и забелешки по предложениот текст. По добиените мислења, забелешки и предлози, директорот изготвува предлог на актот и го доставува до Комисијата за доставување, што упатува на транспарентна постапка, согласно позитивните законски норми.

Во оваа насока, Агенцијата за пошти има одржано два јавни состанока за сите чинители во поштенскиот сообраќај, а исто така, врши и редовно ажурирање и на интернет страната како извор на основни и специфични информации и податоци, како за вршителите на поштенски услуги, така и за корисниците.

За корисноста, но и потребата од информации од овој карактер упатува податокот дека во периодот 1.1.2022 година-31.12.2022 година, интернет-страницата на Агенцијата за пошти била посетена 71,413 пати, а биле прелистани вкупно 357.498 страници.

Првото поглавје содржи податоци за регулацијата на пазарот на поштенски услуги, издавањето и ревидирањето на дозволи за вршење на поштенски услуги, надзорот

над давателите на поштенски услуги, управни постапки пред Агенцијата и други активности.

Согласно Извештајот, динамиката на пазарот по однос на вкупната понуда на поштенски услуги во 2022 година, по неколку годишен нагорен тренд, за прв пат покажала значително намалување.

И покрај ова, како и насекаде, така и на домашниот поштенски пазар, најзначајниот тренд забележан во изминатите години е падот на побарувачката на писмоносни услуги, па следствено и на вкупниот обем на писма. Спротивно на писмата, вкупниот обем во сегментот услуги за пакети и експрес услугите кај нас забележувал континуиран раст. Односно, давателите на слободниот пазар околу 99 % од обемот го оствариле на домашниот пазар, од кои 27,6% биле од пратки за коресподенција и 66,7% од услуга за пакети.

При тоа, заклучно со 31.12.2022 година, во Република Северна Македонија работеле вкупно 36 лиценцирани даватели на поштенски услуги, вклучително со АД Македонска пошта. Од тука, овластени да работат на целата територија на Република Северна Македонија се 22 поштенски компании, 9 од нив вршат давање на поштенски услуги и во меѓународниот поштенски сообраќај, додека 13 од давателите обезбедувале услуги на одредено географско подрачје.

Второто поглавје се однесува на заштитата на правото на корисниците од поштенските услуги.

Во Агенцијата за пошти во текот на 2022 година, пристигнале вкупно 29 претставки и два управни приговори од корисници на поштенските услуги незадоволни од услугите на лиценцираните поштенски оператори и тоа: 22 се од физички лица и 7 поднесоци се од правни субјекти. Согласно Извештајот за работењето, Агенцијата за пошти по сите претставки има навремено и соодветно постапено.

Третото поглавје содржи статистички извештај за состојбата на пазарот на поштенските услуги од аспект на обемот на пратки, типови на пратки и сл. Исто така, во третото поглавје се содржани показатели за бројот на вработени во поштенскиот сектор при што има и констатација дека има пад на бројот на вработени лица, што се должи на намалување на бројот на вработени кај давателот на универзалната услуга. Сепак, кај останатите даватели овој број е зголемен споредбено со претходната година.

Четвртото поглавје, го опфаќа јакнењето на институционалните капацитети на Агенцијата за пошти за чија цел се реализирани вкупно 13 обуки во областа на стручно усовршување, при што учествувале 40 вработени и една тимска обука за поттикнување на тимскиот дух и позитивна работна атмосфера кај вработените.

Како потврда дека го применува системот за менаџмент со квалитет, Агенцијата за пошти за прв пат се здобила со сертификат МКС EN ISO 9001:2015.

Петтото поглавје, дава опис на меѓународната соработка, која Агенцијата за пошти ја извршувала во повеќе насоки и тоа: соработка со Европската комисија, Светскиот поштенски сојуз, Европскиот комитет за поштенска регулација и други меѓународни организации и регулаторни групи, преку развивање на билатерални соработки, учества на меѓународни настани од областа на поштенската регулација и сл. во насока на стекнување знаења и меѓународни искуства во областа на поштенските услуги. Исто така, остварени и се повеќе соработки на домашно ниво и тоа со Министерството за информатичко општество и администрација, Комисијата за заштита на конкуренција, Државниот завод за статистика, Управата за финансиско разузнавање итн., со цел унапредување на работењето и исполнување и подобрување на своите законски обврски и надлежности.

Шестото поглавје, финансиски извештаи, дава опис во однос на следењето и контролата на процесот на воведување на посебно сметководство и алокација на трошоците и приходите на давателот на универзалната услуга, кои се во директна корелација со надлежностите на Агенцијата за пошти и за што Агенцијата за пошти користејќи ги искуствата од другите регулаторни тела, препораките добиени од работните групи на меѓународно ниво, како и согласно препораките добиени од реализираниот твининг проект за „Јакнење на капацитетите на Агенцијата за пошти во согласност со Поштенската регулатива на ЕУ", извршила анализа и во следниот период ќе предложи решенија за измени на регулативата, со цел истата да биде соодветна на условите на поштенскиот пазар во Република Северна Македонија.
Во однос на компензацискиот фонд, заклучно 31.12.2022 година АД Пошта на Северна Македонија, како давател на универзална услуга нема поднесено барање за остварување на надоместок на нето трошоците.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки во однос на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за пошти за 2022 година.

## Точка 87

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 11 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр.36/90, 44/90, 11/91, „Службен весник на Република Македонија" бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 45/18, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/23 и 65/23), поднесено од пратеникот Димитар Апасиев и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за исплата на платите („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/19), се уредува исплатата на платите и одделни надоместоци кај работодавачите со седиште во Република Северна Македонија. Притоа, одредбите на овој закон, не се однесуваат на работодавачите кај кои повеќе од 51% од средствата се во приватна сопственост.

Понатаму, со членот 2 од истиот закон, се уредува дека работодавачот платите ги исплатува во согласност со колективен договор и овој закон, доколку со друг закон поинаку не е утврдено, а со членот 3 став 1 се уредува дека работодавачот, почнувајќи со исплатата на платите за јануари 2009 година, утврденото право на нето плата со овој закон за декември 2008 година го зголемува за износот на пресметаниот данок од плата, задолжителните социјални придонеси, согласно со пропишаните законски стапки за декември 2008 година и за износот на трошоците поврзани со работа по основа на исхрана за време на работа и превоз до и од работа, пресметани согласно со закон, колективен договор и договор за вработување. Вака утврденото право на плата, месечно може да се зголеми до 50% од остварената стапка на пораст на трошоците на живот во тековниот во однос на претходниот месец, во рамките на обезбедените средства (став 2).

Понатаму, Законот предвидува дека, по исклучок од ставовите 1 и 2 на овој член, почнувајќи со исплатата на платите од јануари 2009 година, корисниците на Буџетот на Република Македонија, јавните здравствени установи, корисниците на локалната самоуправа, буџетите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, утврденото право на нето плата, согласно со овој закон за декември 2008 година го зголемува за износот на пресметаниот данок од плата, задолжителните социјални придонеси, согласно со пропишаните законски стапки за декември 2008 година и за износот на трошоците поврзани со работа по основа на исхрана за време на работа и превоз до и од работа, пресметани согласно со закон, колективен договор и договор за вработување, а во рамките на обезбедените средства.

Согласно горенаведените одредби, во 2009 година во земјата се воведе концептот на бруто-плата, кој предвидува интегрирано исплаќање на нето-платата, даноците и придонесите од задолжително социјално осигурување. Од овој момент, кога се споменува „плата", секогаш се подразбира бруто-плата, затоа што согласно горенаведените одредби, она што работникот го има како право, а работодавачот како обврска, е исплатата на бруто-платата.

Воведувањето на концептот на бруто-плата доведе до измени и дополнувања на низа закони, со цел да постои воедначена примена, а во рамките на ваквите измени, и на Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во

Република Македонија. Така, со измените на Законот („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/08) во формулацијата на членот 11 кој гласел: „Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна нето-плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика", избришан е зборот „нето".

Следствено на горенаведените одредби, неспорно е дека, со донесувањето на претходно споменатата Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија и укинувањето на оспорените одредби, понатаму како основица за пресметка на платата согласно цитираниот член 11, ќе треба да се зема просечната исплатена бруто-плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Врз основа на наведеното, се смета дека членот 11 од Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18) е јасен и прецизен и поради тоа Владата му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на истиот.

## Точка 88

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Николчо Атанасовски од Делчево, поднесена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.54/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 99 став (3) од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/19, 275/19, 110/21 и 89/22) и притоа го утврди следното мислење:

I. Подносителот на Иницијативата иницира оценување на уставноста на одредба од Законот за внатрешни работи и тоа:

-ставот (3) од членот 99 од наведениот Закон кој гласи:
„Полицаецот-приправник кој нема да ги исполни условите од ставот (2) на овој член, должен е да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за три пати.".

Имајќи го предвид наведеното, подносителот смета дека со измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи повредени се повеќе одредби од Уставот на Република Северна Македонија и тоа:
-членот 8 став 1 алинеја 3, согласно кој владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија;

-членот 9 со кој се гарантира еднаквост во слободите и правата на граѓаните на Република Северна Македонија, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, односно на граѓаните им се гарантира еднаквост пред Уставот и законите и

-членот 51 според кој законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со уставот и со закон.

Подносителот на Иницијативата наведува дека од анализата на Законот за работните односи произлегува дека работниот однос е доброволен однос помеѓу работодавачот и работникот, во кој работникот се вклучува во однапред организиран процес кај работодавачот со цел да оствари плата и други надоместоци.

Воедно, подносителот упатува на член 141 од Законот за облигационите односи и укажува дека согласно овој член тој што ќе му предизвика штета на друг должен е да ја надомести, доколку не докаже дека штетата настапила без негова вина, како и на членот 142, согласно кој штетата претставува намалување на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист), како и нанесувањето на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета). Исто така, подносителот го наведува и членот 174 од истиот закон со кој во став (1) е определено дека одговорното лице е должно да ја воспостави состојбата што била пред да настане штетата. Во ставот (2) од истиот член е определено дека доколку воспоставувањето на поранешната состојба не ја отстранува штетата наполно, одговорното лице е должно за остатокот на штетата да даде надомест во пари. Подносителот упатува и на членот 178 во кој е уредено прашањето на обемот на надоместот на материјална штета (обична штета и испуштена корист), како и на членот 179 според кој судот земајќи ги предвид и околностите што настапиле по причинувањето на штетата, ќе досуди надомест во износот кој е потребен материјалната ситуација на оштетениот да се доведе во онаа состојба во која би се наоѓала да немало штетно дејствие или пропуштање.

Понатаму, во Иницијативата на подносителот се цитираат ставовите (1), (2) и (3) од членот 156 од Законот за работните односи, кои гласат:

„(1) Работникот кој на работа или во врска со работата намерно или од тешка небрежност му предизвика штета на работодавачот е должен да ја надомести.

(2) Ако повеќе работници предизвикаат штета секој меѓу нив е одговорен за оној дел на штетата што го предизвикал.

(3) Ако за секој работник не е можно да се утврди колкав дел од штетата предизвикал, сите работници се еднакво одговорни и ја надоместуваат штетата во еднакви делови".

Подносителот го цитира и членот 157 од Законот за работните односи во кој е определено дека ако утврдувањето на висината на штетата би предизвикало несразмерни трошоци, обештетувањето може да се определи во паушален износ, ако случаите на штетните дејствија на работникот и висината на паушалното обештетување се определени со колективен договор.
Имајќи ги предвид сите наведени одредби, подносителот смета дека во одредбата од член 99 став (3) од Законот за внатрешни работи, неосновано без предвидени конкретни случаи на штетни дејствија на работникот е определено истиот да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за три пати.

Подносителот наведува дека кога не се определени конкретни случаи на штетни дејствија на работникот со закон не може да стане збор за некакво паушално обештетување. Притоа, наведува дека судот е тој кој во конкретен случај, ценејќи ги околностите поради кои дошло до штета кај работодавецот, однесувањето на самиот работодавец при престанокот на работниот однос на работникот и одразот од однесувањето на работникот кај состојбата на работодавецот, ќе одлучи дали постои штета и колкава е нејзината висина.

Имајќи го предвид наведеното, подносителот на Иницијативата наведува дека е потребно да се има предвид член 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, според кој секој има право на правично и јавно, во разумен рок пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд, да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски. Истиот, смета дека со наведениот начин на уредување на прашањето за надомест на штета се исклучува генералниот принцип дека граѓаните имаат право своите граѓански права да ги остваруваат пред суд.

II. Наводите на подносителот на Иницијативата кои се однесуваат на повреда на одредбите од Уставот и законите се неосновани од следните причини:

Со член 99 став (1) од Законот за внатрешни работи е утврдено дека Министерството за внатрешни работи склучува договор за вработување, со кој кандидатите за полицаец се стекнуваат со статус на полицаец-приправник. Во ставот (2) од истиот член е определено дека со договорот од ставот (1) на овој член се уредуваат меѓусебните права и обврски и се утврдува дека полицаецот е должен да остане на работа во Министерството најмалку пет години сметано од денот на склучувањето на договорот за вработување. Понатаму, во ставот (3) е определено дека полицаецот-приправник кој нема да ги исполни условите од ставот (2) на овој член, должен е да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за три пати.

Во контекст на наведеното, се упатува на членот 28 став (2) од Законот за работните односи, во кој е утврдена можност договорот за вработување да содржи и други права и обврски определени со овој и друг закон и колективен договор. Имајќи предвид дека Законот за работни односи, како општ закон од областа на работните односи, дава можност со друг закон или колективен договор да бидат предвидени и други права и обврски за работниците кои склучуваат договор за вработување, Законот за внатрешни работи, како lex specialis ги доуредува правата од работен однос на работниците во Министерството за внатрешни работи со статус на овластени службени лица.
Имајќи го предвид наведеното, одредбите од ставовите (2) и (3) од членот 99 од Законот за внатрешни работи претставуваат составен дел од обврските на работникот наведени во Договорот за вработување. Во овој контекст, согласно член 98 став (1) од Законот за внатрешни работи, министерот за внатрешни работи донесува решение за избор на обучени кандидати за полицаец од најдобро рангираните обучени кандидати за полицаец од ранг-листата, а согласно утврдената потреба за бројот на полицајците за кои е распишан јавниот оглас. Како што е определено во ставот (1) од членот 99 од Законот, со кандидатите за полицаец од решението од членот 98 од овој закон, Министерството склучува договор за вработување, со кој кандидатите за полицаец се стекнуваат со статус на полицаец-приправник. Со оглед дека договорот за вработување, претставува доброволен однос помеѓу работодавачот и работникот, односно истиот е израз на слободната волја на лицето да заснова работен однос во Министерството, работникот може да одбие да го потпише договорот за вработување.

Со склучувањето на Договорот за вработување работникот ги прифаќа своите права, како и обврските што произлегуваат од Законот за работните односи, Законот за полиција, Законот за внатрешни работи, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Колективниот договор на Министерството за внатрешни работи и актите на работодавачот. Имено, во договорот за вработување се определени права и обврски за двете договорни страни, а конкретно во однос на обврските на работникот, се определува дека истиот е должен да остане на работа во Министерството најмалку пет години на работно место полицаец. Наведената одредба произлегува од горенаведената законска одредба од членот 99, при што е наведено дека работникот е должен да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за три пати, во случај на неисполнување на условот дека полицаецот е должен да остане на работа во Министерството најмалку пет години сметано од денот на склучувањето на договорот за вработување.

Во врска со наведеното, лицето пред потпишување на договорот за вработување се запознава со неговата содржина, односно со правата и обврските кои произлегуваат од истиот. Имено, лицето кое склучува договор за вработување со Министерството за внатрешни работи доброволно пристапува кон одредбите од договорот, така што самото склучување на договорот за вработување истото се

согласило со истите, како и со последиците кои произлегуваат од непочитување на одредбите од договорот.

Во таа насока, неосновани се наводите на подносителот на Иницијативата дека со наведениот начин на уредување на прашањето за надомест на штета се исклучува генералниот принцип дека граѓаните имаат право своите граѓански права да ги остваруваат пред суд. Имено, со донесување на Решението со кое се раскинува договорот за вработување (од страна на Министерството во случаи определени со закон или врз основа на поднесено барање од работникот), се определува и износот на штетата кој треба да се плати од страна на работникот, при што не се исклучува можноста истиот да приговара на донесеното решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, а понатаму и да поведе постапка пред суд за утврдување на ништовност на решението и основаност на износот на штета која е определена во истото. Во конкретниот случај, Законот за внатрешни работи определува надомест на трошоци направени од страна на Министерството за внатрешни работи кон работникот, согласно обврските кои произлегуваат за Министерството од договорот за вработување. Во таа смисла, Министерството за внатрешни работи ги исполнува обврските кои произлегуваат во конкретниот случај од договорот и притоа се очекува и работникот, кој доброволно пристапил кон договорот, да ги исполни своите обврски.

Во таа насока, како што е утврдено во ставот (1) од членот 156 од Законот за работните односи, работникот кој на работа или во врска со работата намерно или од тешка небрежност му предизвика штета на работодавачот е должен истата да ја надомести. Воедно, во членот 177 од Законот за внатрешни работи се утврдува одговорност на работниците за направена штета, односно се определува дека работник кој ќе предизвика штета на Министерството во работата, односно во врска со работата е должен да ја надомести.

Во конкретниот случај треба да се има предвид дека при нормирање на одредбата од членот 99 став (3) се имале предвид потрошените средства за обука на работникот, како и изгубените придобивки со неговото непочитување на условот од ставот (2) од истиот член, а воедно и трошоците потребни за пополнување на испразнетите работни места и вршење нови обуки, од кои произлегуваат дополнителни трошоци, кои не би настанале ако полицаецот-приправник ги почитувал одредбите од договорот за вработување кој го склучил со Министерството за внатрешни работи. Имено, со раскинување на договорот за вработување пред изминување на предвидените пет години, поради вина на работникот, Министерството се здобило со штета, односно намалување на бројот на полициски службеници, кој бил утврден врз основа на утврдените кадровски потреби на Министерството, а со цел остварување на основната функција на полицијата, односно заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок,

спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството. Во таа смисла, интенцијата на Министерството за внатрешни работи е да обезбеди што повисок степен на стручност, ефикасност, непристрасност, совесност и професионалност во вршењето на полициската функција, кое би се реализирало ако Министерството располага континуирано со квалитетни стручни кадри, кои посветено работат во остварување на својата примарна функција, а за чие обучување и континуирано усовршување Министерството вложува средства и ресурси.

Од аспект на компаративното искуство во националното законодавство, а имајќи ја предвид сродноста на областите кои се предмет на надлежност, како и спецификите на службата, предметното прашање на ист начин е регулирано и во Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/22). Имено, во член 92 став (3) од наведениот закон е утврдено дека вработениот кој нема да ги исполни обврските од склучениот договор од ставот (2) на овој член е должен да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за трипати. На ист начин предметното прашање е регулирано и во член 80 став (3) од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19). Имено, согласно ставот (2) од истиот член работникот е должен да остане во работен однос во Агенцијата на работно место на кое се вршат исти или сродни работи двапати повеќе од времето поминато на обука, односно најмалку две години ако обуката траела помалку од една година. Во контекст на наведеното, во ставот (3) е уредено дека работникот кој нема да ги исполни условите од ставот (2) на овој член, должен е да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за трипати.

Имајќи ги предвид изнесените аргументи, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 99 став (3) од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), односно предметната Иницијатива да ја отфрли како неоснована.

<u>Точка 89</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од адвокатите Александар Ристески и Рајна Наумовска-Марковска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.29/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 364 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18) и притоа го утврди следното мислење:

Во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 364 од Законот за кривичната постапка У.бр.29/2023, подносителите наведуваат дека оспорениот член 364 од Законот за кривичната постапка е спротивен на Уставот на Република Северна Македонија, со наводи дека дуализмот, којшто е пропишан и воспоставен со овој член, е во спротивност со: уставното начело за недискриминација; уставното начело за владеење на правото; уставното начело за почитувањето на општоприфатените норми на меѓународното право; уставното начело за почитување и заштита на човековите права; правото на правична судска постапка; правото на непристрасно судење; правото на судење во разумен рок и пресумпцијата на невиност.

Понатаму, подносителите наведуваат дека членот 364 од Законот за кривичната постапка е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија и со меѓународното право, коешто Република Северна Македонија е обврзана да го почитува и применува, како дел од семејството на цивилизирани народи и општества.

Во Инцијативата се наведува дека членот 364 од Законот за кривичната постапка доведува до нерамноправна положба на граѓаните и до дискриминација, односно доведува до нееднаквост на граѓаните пред Уставот на Република Северна Македонија и пред законите-во зависност од тоа, дали судската кривична постапка против нив е иницирана од страна на јавен обвинител или од страна на приватен тужител. Исто така, подносителите истакнуваат дека доколку на главната расправа не се јави уредно повиканиот јавен обвинител-без разлика на тоа, дали неговото отсуството е оправдано или не, кривичниот прогон и кривичната постапка против обвинетиот граѓанин автоматски продолжуваат. Спротивно на наведеното, како што истакнуваат тужителите ако на главната расправа не се јави уредно повиканиот приватен тужител, тогаш кривичниот прогон против обвинетиот граѓанин автоматски се запира.

Подносителите сметаат дека законодавецот на приватниот тужител дури не му ни овозможил да го оправда своето отсуство или полномошник на приватниот тужител да го оправда своето отсуство и со тоа да му овозможи на приватниот тужител продолжување на кривичниот прогон и на кривичната постапка против обвинетиот граѓанин.

Во Иницијативата се наведува и дека неоправданото недоаѓање на тужителот на главната расправа (без разлика, дали како тужител се јавува јавен обвинител или приватен тужител) треба да доведува до исти процесни последици, односно да доведува до запирање на кривичната постапка против обвинетиот граѓанин. Подносителите сметаат дека последица на неоправданото недоаѓање на тужителот (без разлика, дали како тужител се јавува јавен обвинител или приватен тужител) на главната расправа треба да биде донесување на одбивателна пресуда.

Според поднесената Иницијатива, сегашната состојба на дуализам пропишана со членот 364 од Законот за кривичната постапка е неодржлива од уставен аспект, бидејќи доведува до нерамноправна положба на граѓаните, до дискриминација и до нееднаквост на граѓаните пред Уставот на Република Северна Македонија и пред законите. Затоа подносителите сметаат дека членот 364 од Законот за кривичната постапка треба да биде поништен или да биде укинат од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Подносителите на Иницијативата сметаат дека е неприфатливо јавниот обвинител да има поголеми права, односно да биде фаворизиран и привилегиран во текот на судската кривична постапка, бидејќи согласно наводите на подносителите таквото фаворизирање и привилегирање на јавниот обвинител е целосно спротивно на концептот на контрадикторна кривична постапка.

Понатаму, во Иницијативата, се наведува дека недоаѓањето на јавните обвинители на главните расправи на коишто се уредно повикани (без разлика на тоа, дали недоаѓањето формално-правно е оправдано или неоправдано), може да биде користено од страна на јавните обвинители за индиректно изнудување на признание од страна на обвинетите граѓани преку т.н. „изморување на противникот“, односно преку т.н. „добивање на противникот на кондиција". Во овој контекст, подносителите наведуваат дека јавните обвинители со намерно одолговлекување на судската кривична постапка може да се обидат психички да влијаат врз обвинетите, граѓани да признаат вина (без разлика на тоа, во колкав степен јавниот обвинител е во состојба аргументирано да го докаже постоењето на истата).

Во Инцијативата се наведува дека ваквата можност за индиректно изнудување на признание од страна на јавните обвинители, преку свесно одолговлекување на кривичната постапка, претставува противуставен инструмент во рацете на јавните обвинители и истото претставува облик на психичка тортура-односно облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување-што е спротивно на член 11 ставот 2 од Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните правни инструменти, со кои е забранет секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување.

Покрај ова, подносителите наведуваат дека можноста јавниот обвинител, без каква било процесна или дисциплинска последица, до недоглед да го одолговлекува времетраењето на судската кривична постапка, е проблематично од аспект на правото на судење во разумен рок.

Исто така, подносителот на Иницијативата ја истакнува проблематичноста на оспорениот член од аспект на член 13 ставот 1 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи индиректно доведува до непочитување на пресумпцијата на невиност-односно доведува до состојба, во којашто лицето обвинето за казниво дело само формално се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена

со правосилна судска одлука. Понатаму, подносителот смета дека опстојувањето на член 364 ставот 1 од Законот за кривичната постапка во нашиот правен поредок, во практиката доведува до состојба во којашто секое лице што е обвинето од страна на јавен обвинител (со обвинителен акт или со обвинителен предлог), автоматски е виновно. Имено, во Иницијативата се наведува дека член 364 став 1 од Законот за кривичната постапка во нашиот правен поредок, доведува до состојба, во којашто вината на лицето обвинето од страна на јавен обвинител, само формално треба да биде констатирана од страна на судот, а јавниот обвинител не треба да вложува каков било дополнителен труд и какви било дополнителни напори за да ја докаже вината на обвинетиот, вклучувајќи го и редовното јавување (доаѓање) на закажаните главни расправи.

Подносителите сметаат и дека со горенаведената состојба (опстојувањето на членот 364 став 1 од Законот за кривичната постапка) е спротивна на членот 13 став 1 од Уставот на Република Македонија, бидејќи, de iure и de facto ја дерогира уставната норма-во согласност со којашто лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино сè додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука.

Во Инцијативата по изнесените наводи за оспорување на членот 364 од Законот за кривична постапка подносителите предлагаат членот 364 од Законот за кривична постапка да биде поништен или укинат од Уставниот суд на Република Северна Македонија, бидејќи, како што истакнуваат е во спротивност со членот 8 став 1 алинеи 1, 3 и 11, членот 9, членот 11 став 2, членот 13 став 1, членот 98 став 2, членот 106 став 2, како и со членот 119 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во членот 364 од Законот за кривичната постапка е пропишано дека ако на главната расправа што е закажана врз основа на обвинителен акт од јавниот обвинител не дојде јавниот обвинител, кој е уредно повикан, а не го извести судот за причините за својата спреченост, ќе се казни со парична казна предвидена во членот 89 од овој закон, а главната расправа ќе се одложи (став 1). Доколку на главната расправа не дојде приватниот тужител, иако е уредно повикан, ниту неговиот полномошник, претседателот на советот или судијата поединец ќе ја запре постапката со решение (став 2).

Согласно членот 8 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот се една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно членот 8 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Северна Македонија, почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Согласно членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија:

„(1) Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата , бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.
(2) Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“.

Согласно членот 11 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување.

Согласно членот 13 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, лицето обвинето за казниво дело ќе се смета за невино сѐ додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука .

Во членот 98 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија е пропишано дека судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Согласно членот 106 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Согласно членот 118 од Уставот на Република Северна Македонија, „Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.“.

Во членот 7 од Универзалната декларација на човековите права е наведено дека сите луѓе се еднакви пред законот и на сите им припаѓа, без никаква дискриминација, еднаква заштита со закон. На сите им припаѓа еднаква заштита од каква и да е дискриминација, што е во спротивност на оваа декларација и од какво и да е поттикнување на таква дискриманција.

Согласно членот 10 од истата Декларација е пропишано дека „ Секој има потполно еднакво право на праведно и јавно судење пред независен и непристрасен суд, при одредувањето на неговите права и обврски и во услови на какво и да е кривично обвинение против него.“.

Во член 11 ставот 1 од Универзалната декларација на човековите права е наведено дека „Секој обвинет за кривично дело има право да се претпоставува дека е невин

се додека не се докаже неговата вина во согласнсот со закон и на јавно судење, на кое тој ги има сите гаранции неопходни за неговата одбрана.“.

Во членот 14 став 1 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права е наведено дека сите се еднакви пред судовите и пред судовите на правдата. Секој има право неговиот предмет да биде праведно и јавно сослушан од страна на надлежен, независен и непристрасен суд, установен со закон, кој ќе одлучува било за основаноста на кое и да е обвинение од кривичната природа насочено против него, било во споровите за неговите права и обврски од граѓанско-правната природа.

Во членот 14 став 2 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права е наведено дека „Секој што е обвинет за кривично дело има право да биде сметан за невин се додека неговата вина не се докаже врз основа на закон.“.

Во членот 14 став 3 точка ц од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права е наведено дека „Секој што е обвинет за кривично дело има потполно еднакво право во следните гаранции:
ц) да му биде судено без непотребно одложување“.

Во членот 26 од Меѓународниот пакт за граѓанските и политичките права е наведено дека „Сите се еднакви пред законот и имаат право на подеднакви заштита без какво и да е дискриминација.“.

Во ставовите 1 и 2 од членот 6 од Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи (позната уште и како: Европска конвенција за заштита на човековите права-ЕКЧП), кој што член е насловен како „Право на правична судска постапка“, се наведува дека:

„1) Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. [...]
2) Секој кој е обвинет за кривично дело се смета за невин се додека неговата вина не се докаже по законски пат.“.

Во членот 14 од Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи се наведува дека уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус.

Во членот 1 од Протоколот број 12 кон Конвенцијата за заштита на правата на човекот и основните слободи се наведува дека уживањето на секое право предвидено со закон ќе биде обезбедено без дискриминација врз било која основа

како пол, раса, боја, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, поврзано со национално малцинство, имот, раѓање или друг статус. Како и во ставот 2 дека никој не смее да биде дискриминиран од страна на јавен орган по било која основа наведена во став 1.

Владата смета дека изнесените наводи од подносителите на Иницијативата се неосновани. Имено, неосновани се наводите дека со пропишаниот дуализам се кршат уставните начела наведени во Иницијативата. За разлика од јавниот обвинител, кој е обврзан со начелото на легалитет и е должен да гони секогаш кога има стварни и правни причини за кривично гонење, без оглед на неговото приватно мислење и убедување, гонењето по приватна тужба е во целосна диспозиција на приватниот тужител. Во контекст на наводите во Иницијативата кои се однесуваат на наводната нерамноправна положба, се укажува на одредбата содржана во членот 63 од Законот за кривичната постапка, каде што, меѓу другото, е пропишано дека доколку приватниот тужител иако поучен и уредно повикан, не дојде на главната расправа или ако поканата не можела да му се врачи поради непријавување во судот, за промената на живеалиштето, односно престојувалиштето, се создава законска претпоставка дека приватниот тужител се откажал од тужбата. Дополнителна заштита на приватниот тужител претставува овозможувањето остварување на правото на кривично гонење, со тоа што судот може да му дозволи враќање во поранешна состојба на приватниот тужител, но само ако тој од оправдани причини не можел да дојде на главната расправа, односно ако од оправдани причини не успеал навремено да го извести судот за промена на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето. Враќањето во поранешна состојба во овие случаи е неопходно со оглед на фактот што со откажување од приватната тужба лицето го губи правото повторно да поднесе приватна тужба за истото кривично дело.

Во однос на изнесените наводи за спротивност на членот 364 од Законот за кривичната постапка согласно меѓународното право, се истакнува дека тие се целосно неосновани. Имено, судењето во разумен рок е еден од клучните принципи содржан во бројните меѓународни инструменти во областа на заштита на човековите права. Вака конципираната одредба од членот 364 од Законот за кривичната постапка го оневозможува приватниот тужител да ја одовлекува кривичната постапка. Во контекст на изнесените наводи за наводно фаворизирање и привилегирање на јавниот обвинител и неговото намерно недоаѓање на главната расправа се истакнува дека во Законот за јавно обвинителство се утврдени основите и е пропишана постапката за дисциплинска одговорност на јавните обвинители. Меѓу другото, како тешка дисциплинска повреда на јавен обвинител се смета „ако јавниот обвинител без оправдани причини не постапува по предметите во пропишаните законски рокови, поради што значително се одолговлекува постапката или настапила застареност на кривичното гонење.“. Дополнителна заштита од нестручно и несовесно постапување на јавниот обвинител е обезбедено преку одредбата од Законот за јавно обвинителство за вршење надзор над законитото и навремено извршување на јавнообвинителската функција на

пониските јавни обвинители од страна на повисокото јавно обвинителство. Исто така, механизам за заштита е и системот за оценување на јавните обвинители, каде што, меѓу другите, како критериуми се наведени и ажурноста, ефикасноста, непристрасноста и сл.

Имајќи го предвид горенаведеното Владата на Република Северна Македонија укажува дека член 364 од Законот за кривичната постапка е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 364 од Законот за кривичната постапка, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овој член од Законот.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иљхам Исмани од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3237, за КО Глуво Бразда, на КП бр.2464, викано место/улица „Чар" и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.13183 за КО Драчево 2, на КП бр.11280, викано место/улица „Марков Рид" и по Понудата, го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвишен имот со Имотен лист бр.82150 за КО Карпош, на КП бр.3006/14 викано место/улица „Букурешка" и по истата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Ангеловска од Битола за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.400 за КО Магарево, на КП бр.449, викано место/улица „Село" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 94**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1883, за КО Бутел, на КП бр.2755, викано место/улица „Рудо бр.41“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 95**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Богданка Бакаловска од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.355 и Имотен лист бр.498, за КО Претор, на КП бр.588/1 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен просотр од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Цеца Малева Стоев од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2174 за КО Негорци, на КП бр.3521, викано место/улица „Село“, со дополнување и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1549 за КО Пештани на КП бр.1508/2 на викано место/улица „Село“ и по Понудата, ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 101407 и Имотен лист бр. 101856 за КО Охрид 4, на КП бр.5310/1 викано место/улица „Град“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Видовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.54308 за КО Кисела Вода 1, на КП бр.877, викано место/улица „Жил Верн 12“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски, како и негативното Мислење на

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.214 за КО Раклиш на КП бр.5102 дел 1 викано место/улица „Падарница“ и не ја прифати истата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3259 за КО Глуво Бразда на КП бр.2989/1, викано место/улица Поројница и Имотен лист бр.3189 за КО Глуво Бразда на КП бр.2874, викано место/улица „Чар“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 102**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје доставен под И бр. 3749/22 за Налог за извршување врз недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 90 и Имотен лист бр. 72 за КП бр. 714 и КП бр. 912 за КО Бујковци и Заклучок за прва усна јавна продажба, закажана на 9 јуни 2023 година, во 10:00 часот.

**Точка 103**

1.Владата на Викторио Димовски му утврди престанок на правото да остварува плата по престанувањето на функцијата директор на Агенцијата за национална безбедност заклучно со 26 мај 2023 година, поради стекнување право на старосна пензија.

2. Владата го избра Митко Белимов за неизвршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

3. Владата ја разреши Снежана Станковиќ од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

4. Владата го разреши Маљиќ Шемшедин од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Ресен, на негово барање.

5. Владата го именува Горан Трајковски за вршител на должноста директор на Државниот пазарен инспекторат, орган во состав на Министерството за економија,

досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го именува Ќебир Авзиу за член на Националниот совет за медијација.

7. Владата му препорачува на Надзорниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација (М-НАВ) АД Скопје, да го разреши Владо Крстевски од должноста член на Управниот одбор, а за член на Управниот одбор кој носи назив извршен директор на воздухопловна техника да го избере Љубе Стаменковски.

8. Владата се информираше за оставката на Хари Локвенец од должноста директор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје и заклучи да му препорача на Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, да го разреши од должноста на негово барање, а за вршител на должноста директор да го именува Зоран Трифуновски.

## Точка 104

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со „Алатката за отчетност за службени трошоци на носителите на јавни функции" и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжуваат носителите на јавни функции опфатени со „Алатката за отчетност за службени трошоци на носителите на јавни функции" кои не доставиле наративни и финансиски извештаи за единаесеттиот циклус кој го опфаќа периодот од декември 2021 година, заклучно со август 2022 година, тоа да го направат најдоцна до 9 јуни 2023 година, а потоа Алатката ќе биде објавена на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

2) Се задолжуваат носителите на јавни функции опфатени со Алатката за отчетност за службени трошоци на носителите на јавни функции", најдоцна до 15 јуни 2023 година да достават наративни и финансиски извештаи за дванаесеттиот циклус кој го опфаќа периодот од септември 2022 година, заклучно со февруари 2023 година.

3) По истекот на горенаведените рокови за доставување на наративните и финансиските извештаи за единаесеттиот и дванаесеттиот циклус, се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија-Сектор за односи со јавност, веднаш да ги објави пристигнатите извештаи во „Алатката за отчетност за службени трошоци на носителите на јавни функции", независно од тоа дали се добиени податоците од сите носители на јавни функции кои се опфатени со Алатката.

**2.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.40-8975/2-21 од 15 март 2022 година.

**3.** Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 јуни 2023 година, во однос на Мислењето, утврдено на седницата, одржана на 21 декември 2021 година, доставено до Собранието на Република Северна Македонија под бр.40.5-11857/1 од 21 декември 2021 година, а се однесува на Статутот на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, заклучи дека останува на претходно доставеното Мислење.

**4.** Владата ја разгледа Информацијата за користење на средствата од самофинансирачката сметка број 040010007878942 на Буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година (раздел 04001) и ја усвои со следните заклучоци:

1) Даде согласност за користење на средствата од самофинансирачката сметка, број 040010007878942, за исплата на доспеани обврски по основ на веќе склучени договори за набавка на услуги за превентивно и адаптивно одржување на мултиплатформски систем за колаборација за е-седница и набавка на стоки-софтверски лиценци и тоа:

-35.000.000,00 денари на расходна ставка 424-Поправки и тековно одржување, Програма 3, Потпрограма 30 и
-21.206.000,00 денари на расходна ставка 485-Вложување и нефинансиски средства, Програма 3, Потпрограма 30.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до Министерството за финансии да достави барање за проширување на буџетот од сметката 787.

**5.** Владата го разгледа Барањето за изменување на заклучок 2 од точка 19 од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јуни 2022 година, донесен по Информацијата за потпишување на Заложбата од Белград 2022 (The Belgrade Pledge 2022), од страна на министрите за здравство на земјите членки на Здравствената мрежа на земјите на Југоисточна Европа, со усогласен текст на Заложба и заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2. Се овластува д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, да ја потпише Заложбата од Белград 2022 (The Belgrade Pledge 2022), на начин усогласен со Министерството за надворешни работи.“.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 18 мај 2023 година до 24 мај 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 25 мај 2023 година до 31 мај 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**8.** Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 јуни 2023 година, ги разгледа барањата за покровителство и потребата од финансиска поддршка за одбележувањето на јубилеите: 70 години од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“-Скопје и 120 години од излегувањето на книгата „За македонцките работи“, кое ќе се одржи во периодот од 20 до 30 јуни 2023 година во рамките на Отворените денови на Институтот за македонски јазик и на Меѓународната научна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот јазик-извор на научни истражувања“, ги прифати и заклучи:

1) Се задолжува Националната установа „Филхармонија на Република Северна Македонија“, Скопје да ја отстапи малата сала на користење без надомест на Јавната научна установа Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“-Скопје, на 20.6.2023.

2) Јавната научна установа Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“-Скопје, да ги покрие трошоците за надоместокот за солистичкиот настап на Влатко Стефановски.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за две ноќевања на база полупансион за 70 лица-научници од странство во периодот меѓу 26.6.2023 и 30.6.2023 година.

4) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за свечен коктел за 100 лица на 20.6.2023 година, за ручек за 55 лица на 26.6.2023 година (во Клуб на органите на државната управа), за ручек за 70 лица на 26.6.2023 година (во Клуб на органите на државната управа) и да обезбеди автобуски превоз за 60 лица на релација Скопје-Струмица-Скопје.

*
*   *

Владата заклучи да се измени т. 4 од Извадокот од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2023 година, по барањата за покровителство и потребата од финансиска поддршка за одбележувањето на јубилеите: 70 години од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков"-Скопје и 120 години од излегувањето на книгата „За македонцките работи", кое ќе се одржи во периодот од 20 до 30 јуни 2023 година во рамките на Отворените денови на Институтот за македонски јазик и на Меѓународната научна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот јазик-извор на научни истражувања" и истиот да гласи:

„4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за свечен коктел за 100 лица на 20.6.2023 година.".

**9.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за Процес Брдо-Бриони, со Барање за обезбедување на потребните финансиски средства, како и задолжување на соодветните министерства за вклучување во подготовките и реализацијата на Самитот Брдо Бриони во Скопје за некоја од наредните седници на Владата, откако Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија ќе одржи средба со претставници од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за надворешни работи и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, на која ќе се прецизираат барањата содржани во Информацијата и ќе се изнајде соодветно решение за истите.

**10.** Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 1 септември 2022 година до 30 април 2023 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување

со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**11.** Владата го разгледа и го прифати Извештајот за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија за период од 1 септември 2022 година до 30 април 2023 година и согласно член 31, став 3 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 105

Владата ја разгледа Информацијата за проблемите со кадровската екипираност на дипломатско-конзуларните претставништва, како материјал за информирање.

## Точка 106

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права за 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 107

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот координативен центар за гранично управување за 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 108

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 109

Владата го разгледа Извештајот за работата на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 110

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Националниот совет за културно наследство за 2022 година, како материјал за информирање.

## Точка 111

Владата ја разгледа Информацијата за бројот на моторни возила отстапени по институции за 2020, 2021 и 2022 година како и целосен преглед на возила евидентирани во Агенцијата за управување со одземен имот, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за управување со одземен имот, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави информација со акциски план со активности за постапување на Агенцијата со запленетите возила, како и предлози за решавање на проблемите со кои се соочува Агенцијата за реализација на соодветните активности.

## Точка 112

Владата го разгледа Акцискиот план за реализација на препораките кои се однесуваат на Министерството за животна средина и просторно планирање по спроведената ревизија на успешност на тема: „Даноците за животна средина во функција на ефективно спроведување на политиките за заштита на животна средина", како материјал за информирање.

## Точка 113

Владата го разгледа Извештајот за работата на Информативното тело формирано согласно Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата на Владата на Република Северна Македонија за Светската трговска организација, како материјал за информирање.

## Точка 114

Владата ја разгледа Информацијата за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија во првиот квартал во 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 115

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на Националната стратегија за мали и средни претпријатија 2018-2023, како материјал за информирање.

## Точка 116

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за статус на арбитражна постапка од страна на ГАМА Гуч системлери Мехндислик ве Таахнут А.Ш., против Република Северна Македонија, заведена под бр. ICC Case

Number 26696/НВН и известување за ангажирање на експерт/вештак за стечајно право, како материјал за информирање.

**Точка 117**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот јануари-март 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 118**

Владата го разгледа Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Користење на водите за наводнување“ на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола, како материјал за информирање.
Истовремено, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена, до Владата да ја достави Методологијата за утврдување на надоместок согласно која се утврдуваат надоместоците за наводнување, одводнување, одведување на испуштени води и надоместок за испорачана количина на вода за водоснабдување и за индустриски потреби, согласно Законот за водостопанство.

**Точка 119**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, за периодот X-XII 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 120**

Владата го разгледа Годишниот извештајот за реализација на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2022 година на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за економија.

**Точка 121**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 јуни 2023 година го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија 2021“ година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Државниот завод за статистика, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност „Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 122**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Државниот завод за индустриска сопственост за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 123**

Владата го разгледа Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29 мај 2023 година со Записник од Втората седница на Групата за процена, одржана на 11 мај 2023 година, Записник од Четвртата седница на Групата за процена, одржана на 23 мај 2023 година и со предлог-одлуки и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 29 мај 2023 година.
2. Го утврди Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението (со која се предлага Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризната состојба до 31 декември 2023 година) и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

3. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија.

4. Периодот за постоење на кризна состојба заради превенирање на влошената безбедносна состојба во затворот, е најмногу до 30 дена, почнувајќи од 6 јуни 2023 година.

5. Да се информира Претседателот на Република Северна Македонија за утврдениот Предлог на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението и донесената Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

6. За операционализација на Предлог на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението и Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризните состојби.

7. Владата ги задолжи:

а) Министерството за внатрешни работи да ангажира полициски сили во функција на поддршка на затворската полиција во КПУ Идризово.

б) Министерството за здравство да организира поддршка на КПУ Идризово со здравствен персонал од општа и медицина на трудот за времетраењето на кризната состојба.

в) Министерството за труд и социјална политика да организира поддршка на КПУ Идризово од областа на психосоцијалната заштита за времетраењето на кризната состојба.

8. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 124

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката на основање на три нови трговски друштва за приредување на интернет игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија.

## Точка 125

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање активности за самостојно приредување на интернет игрите на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, ја усвои и го задолжи Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија да ги преземе потребните активности за започнување на самостојно приредување на интернет игрите на среќа.

## Точка 126

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Фаза I-Водоснабдување од проектот ХС „Злетовица“ за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, Пробиштип и Лозово и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Заклучоците усвоени на 82-та седница на Влада на Република Северна Македонија, одржана на 13 септември 2022 година, точка 16, по Информацијата за реализација на Фаза I-Водоснабдување од проектот ХС „Злетовица“ за општините Штип, Карбинци, Свети Николе и Лозово и добивање на одобрение за отпочнување на постапки за повеќегодишни јавни набавки за реализација на активностите за општините Свети Николе и Лозово, престануваат да важат.

2. Се укажува на ЈП „Злетовица“ да ги спроведе сите јавни набавки за завршување на Фаза I-Водоснабдување од проектот ХС „Злетовица“ за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, Пробиштип и Лозово.

3. Се дава одобрение на ЈП ХС „Злетовица“ за реализирање на постапки за повеќегодишна јавна набавка за реализација на активностите од Фаза I-

Водоснабдување од проектот ЈП ХС „Злетовица“ за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, Пробиштип и Лозово.

4. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги вклучи предвидените финансиски средства во износ од 476.000.000 денари за реализација на проектот во буџетските циклуси и тоа :

-за 2023 година 116.000.000 денари, со вклучен ДДВ,
-за 2024 година 222.000.000 денари, со вклучен ДДВ,
-за 2025 година 131.000.000 денари, со вклучен ДДВ и
-за 2026 година средства на износ од 7.000.000 денари, со вклучен ДДВ.

5. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, потребните средства за реализација на активностите од Фаза I-Водоснабдување од проектот ХС „Злетовица“ за општините Штип, Свети Николе, Карбинци, Пробиштип и Лозово да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.
6. Се задолжува ЈП ХС „Злетовица“ да ја информира Владата за прогресот на активностите на секои шест месеци.

**<u>Точка 127</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедени грант средства за консултантски и инженерски услуги за системот за одведување и третман на отпадни води за Охридско Езеро, со текст на Меморандум и Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластуваат Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и Владимир Алексијоски, директор на ЈП Колекторски систем-Скопје, да го потпишат Меморандумот за разбирање за консултански и инженерски услуги за системот за пречистување на канализација и отпадни води на Охридското Езеро (Северна Македонија) помеѓу Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија/ЈП Колекторски систем-Скопје и ИДОМ Консалтинг, инженеринг, архитектура С.А.У.

2. Се овластува Владимир Алексијоски, директор на ЈП Колекторски систем-Скопје, да го потпише Договорот за инженерски услуги помеѓу ЈП Колекторски систем-Скопје и ИДОМ Консалтинг, инженеринг, архитектура С.А.У.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во координација со ЈП Колекторски систем-Скопје, по финализирање на Договорот за неповратно финансирање помеѓу Официјалниот кредитен Институт Е.П.Е („Instituto de Crédito Official-ICO“) на Шпанската влада, ЈП Колекторски систем-Скопје и банката за исплата, да ја информира Владата.

4. Се задолжува ЈП Колекторски систем-Скопје во координација со Министерството за животна средина и просторно планирање, по реализација на активностите предвидени со техничката помош да ја информира Владата за резултатите од Проектот.

**Точка 128**

Владата ја донесе Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2023 година.

**Точка 129**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на заем заснован на политики од Кредитната банка за обнова-КФВ наменет за буџетска поддршка, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерството за економија во рок од пет дена да побара заем заснован на политики од КФВ во износ од 90 милиони евра наменет за буџетска поддршка.

**Точка 130**

Владата ја разгледа Информацијата од одржаните разговори со мисијата на Светска банка во периодот од 28-31 март 2023 година за потребата од обезбедување на заем за развојни политики и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви Предлог на закон за регистар на задолжително социјално осигурување и да го достави до Владата, најдоцна до 15 јуни 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи и да го достави до Владата, најдоцна до 30 јуни 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии да подготви Предлог-уредба за изменување на Уредбата за начинот на пресметка на данокот на моторни возила и на износите потребни за пресметка на данокот на моторни возила и да ја достави до Владата, најдоцна до 30 јуни 2023 година.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви Предлог на закон за системот за проценка на лица со попреченост со кој ќе се воведе Централно координативно тело за проценка на попреченост, и да го достави до Владата, најдоцна до 30 јуни 2023 година.

5. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Народната банка на Република Северна Македонија да подготви Предлог на закон за решавање банки, и да го достави до Владата, најдоцна до 30 јуни 2023 година.

6. Се задолжува Министерството за финансии да подготви Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за развојна банка на Северна Македонија, и да го достави до Владата, најдоцна до 30 јуни 2023 година.

<u>Точка 131</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање активности за самостојно приредување на електронските игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија, ја усвои и го задолжи Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија да ги преземе потребните активности за започнување на самостојно приредување на електронските игри на среќа и спроведување на јавна набавка на видео лотариски терминали, согласно обезбедените средства со Финансискиот план за 2023 година на Друштвото.

<u>Точка 132</u>

Владата ги разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2022 година, Извештајот на Независниот ревизор и финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, за годината која завршува на 31 декември 2022 година, како и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за деловната 2023 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2022 година, Извештајот на Независниот ревизор и финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, за годината која завршува на 31 декември 2022 година, како и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за деловната 2023 година, се подготвени согласно член 230 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 288/21), според кој Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија е должна најдоцна до 31 мај во тековната година да достави до Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија, годишен извештај за својата работа за претходната година, финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор и финансиски план за наредната година.

1. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2022 година

Во Годишниот извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2022 година, презентирани се активностите на Комисијата за хартии од вредност поврзани со развојот на пазарот на капитал, нормативната дејност, институционалните перформанси на Комисијата, лиценцирањето и контролата на учесниците на пазарот на хартии од вредност.

Вкупниот промет на хартии од вредност остварен на домашниот пазар во текот на 2022 година изнесува 7.44 милијарди денари или приближно 121.04 милиони евра. Прометот на домашниот пазар на хартии од вредност е за 42.08% понизок во однос на 2021 година.

Во текот на 2022 година, Комисијата одобрила 12 емисии на обични акции, а 2 емисии се однесуваат на издавање на долгорочни хартии од вредност-обврзници и тоа една емисија на перпетуални обврзници, а другата емисија на општински обврзници-емисија која не беше реализирана.

Во текот на 2022 година, Комисијата издала две дозволи за преземање на акционерско друштво чии хартии од вредност котираат на Македонската берза и преземањето е целосно завршено.
Во рамки на супервизорската функција, во 2022 година, Комисијата извршила вкупно 13 контроли над работењето на учесниците на пазарот на капитал.

Од аспект на усогласеноста на работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност со законската и подзаконската регулатива, Комисијата спровела вкупно 7 контроли, од кои 2 редовни и 5 вонредни. Од спроведените контроли, Комисијата во 2022 година утврдила определени неправилности во работењето кај овластените учесници во однос на доследно почитување на законската регулатива. Поради утврдените неправилности, Комисијата има изречено 9 мерки кон 4 овластени учесници и едно друштво за инвестиционо советување.

Во текот на 2022 година, во однос на усогласеноста на работењето на Друштвата за управување со инвестициски фондови овластени со законската и подзаконската регулатива, Комисијата спровела вкупно 7 контроли врз работењето на друштвата, од кои 2 редовни и 5 вонредни контроли.

Комисијата за хартии од вредност во рамките на своите надзорни активности, како и претходните години, така и во 2022 година извршила посреден надзор на исполнување на обврската за објавување на податоци согласно член 166-б од Законот за хартии од вредност. Со надзорот биле опфатени вкупно 324 друштва, од кои 33 друштва не ја исполниле обврската за објава на податоците на интернет-страницата на Берзата согласно од член 166-б од Законот.

До Комисијата за одлучување по прекршок формирана во рамки на Комисијата за хартии од вредност, биле доставени 33 барања за поведување на прекршочна постапка во текот на 2022 година. По поднесените барања биле донесени вкупно 26 решенија, од кои 9 решенија биле за изрекување глоба, 17 решенија биле донесени за изречена прекршочна санкција опомена. Во текот на 2022 година, Комисијата одлучуваше и по две барања од претходната година за кои донесе едно решение за изрекување на прекршочна санкција-опомена и едно решение за запирање на прекршочната постапка.

Во текот на 2022 година, Комисијата издала 6 дозволи за брокери, обнови 3 дозволи за работење на брокер, издала 10 дозволи за работа на инвестициски советник и не обнови ниту една дозвола за работа на инвестициски советник.

2. Извештај на независен ревизор и финансиски извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2022 година

Според билансот на состојба на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија во 2022 година, Комисијата располага со вкупни средства во износ од 297,80 милиони денари, кои споредено со 2021 година бележат зголемување за 6,03%.

Според билансот на приходи и расходи, Комисијата во 2022 година остварила вкупни приходи во износ од 70,7 милиони денари, односно за 0,26% намалување во однос на 2021 година кога вкупните приходи изнесувале 70,9 милиони денари. Во остварените приходи за 2022 година најголемо учество имаат приходите остварени од провизии и надоместоци во износ од 70,1 милиони денари.

Во 2022 година вкупните расходи на Комисијата изнесувале 62,8 милиони денари и се за 3,24% помали во однос на 2021 година кога изнесувале 64,94 милиони денари.

Финансиската година Комисијата ја завршила со добивка во износ од 7,2 милиони денари и истата е пренесена во резервниот фонд на Комисијата.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи објективно ја презентираат финансиската состојба на Комисијата, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да ги усвои финансиските извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2022 година.

3. Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, за деловната 2023 година

Со предложениот Финансиски план на Комисијата за 2023 година, вкупните приходи и расходи се урамнотежени и се планирани во износ од 68,07 милиони денари.

Приходите за 2023 година се планира да се остварат од надоместоците за одлучување по барање на одобрение за издавање на хартии од вредност, надоместоци за надзор на берзата, депозитарот, брокерските куќи, друштвата за управување со инвестициски фондови и инвестициските фондови, надоместоци за одлучување по барање на дозволи, согласности и организирање на обуки, како и други приходи од редовното работење на Комисијата.

Од структурата на планираните расходи за 2023 година може да се констатира дека кај материјалните трошоци е планирано нивно зголемување во 2023 година во однос на реализираните материјални трошоци во 2022 година и тоа кај материјалните трошоци за електрична енергија за 33,33%. Во делот на набавка на стоки предвидено е намалување во однос на реализираното за 2022 година за 48,65%, како резултат на намалувањето на трошоците скоро за сите ставки.

По однос на Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, за деловната 2023 година, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, за деловната 2023 година.

**Точка 133**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на продолжение на прекината седница на Годишното собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 9.6.2023 година, ја усвои и ги донесе следните заклучоци:

1. Заклучоците од оваа информација да се достават до овластеното лице Милан Живковиќ, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на продолжената седница на Годишното собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажана за 9.6.2023 година, односно да гласа како што е утврдено во заклучокот 3. од оваа информација.

2. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија го известува Друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во Друштвото.

3. Владата го одобрува начинот на гласање на Собранието од страна на својот преставник, по наведените акти и тоа:

1) Предлог-одлука за отповикување на Кире Станкоски, извршен член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп / да се гласа „ ЗА“

2) Предлог-одлука за отповикување на Татјана Стефаноска, извршен член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп / да се гласа „ЗА“.

3) Предлог-одлука за избор на Зоран Пачешкоски, како член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп / да се гласа „ЗА“.

4) Предлог-одлука за избор на Гоце Котески, како член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп / да се гласа „ЗА“.

## Точка 134

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од преземање активности за надзор и мониторинг над видеолотариските терминали за приредување на електронски игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија да ги преземе потребните активности за обезбедување на услуги за надзор и мониторинг над видеолотариските терминали за приредување на електронски игри на среќа од страна на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, преку спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка.

2. Се задолжува Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија да ги преземе потребните активности за склучување на договор за деловно-техничка соработка помеѓу Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, Државна видеолотарија на Република Македонија-Касинос Аустриа ДОО Скопје и избраниот понудувач за обезбедување на услуги за надзор и мониторинг над видеолотариските терминали за регулирање на начинот и постапката за пристап до серверот и инсталација на потребниот хардвер во видеолотариските терминали преку кои ќе се врши преземање на податоците.

3. Се задолжува Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија да ги преземе потребните активности за склучување на договор за деловно-техничка соработка помеѓу Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, Друштвото за приредување електронски игри на среќа, Нова државна видеолотарија-Ново ВЛТ ДОО-Скопје и избраниот понудувач за обезбедување на услуги за надзор и мониторинг над видеолотариските терминали за регулирање на

начинот и постапката за пристап до серверот и инсталација на потребниот хардвер во видеолотариските терминали преку кои ќе се врши преземање на податоците.

**Точка 135**

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот и на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје за склучување на Анекс 4 кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.2125/18 од 27.12.2018 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје и АД МЕПСО-Скопје, со предлог-одлуки и по истото ги донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје и Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, со заклучок текстот на истите да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 136**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство, поради потребата истата да се разгледа во присуство на министерот за правда.

**Точка 137**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за реализацијата на активностите за имплементација на Концепцијата за основно образование.

**Точка 138**

Владата ја разгледа Информацијата за доставување на Проект за основање на Факултет за здравствени науки при Меѓународниот универзитет „Визион“, Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на Факултет за здравствени науки при Приватната високообразовна установа Меѓународен универзитет „Визион“, Гостивар.

**Точка 139**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по заклучоците од Сто педесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија во врска со Информација за отпочната арбитражна постапка по однос на раскинување на Договор за изведба на градежни работи на Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“, Скопје бр. RHPI-II-ICB-002-16 со арх. бр. 20-74/34 од 19.5.2017 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа и прифати предлогот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори за одлагање на роковите за одговор на барањето за поведување на арбитражна постапка постапка и за именување на арбитер, а со цел да се заврши постапката за ангажирање на меѓународна адвокатска канцеларија.

2. Се задолжува претседателот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори во рок од три дена да испрати допис до Секретаријатот на Меѓународниот арбитражен суд (ICC-International Court of arbitration) со барање за одлагање на рокот за одговор на барањето за поведување на арбитражна постапка и за именување на арбитер од страна на тужениот.

3. Се задолжува претседателот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, во рок од три дена да испрати барање за прибирање на понуди за правно застапување на Министерството за здравство на Република Северна Македонија, како тужена страна во арбитражниот спор заведен под број ICC Case Number 27417/HBH, до следните меѓународни адвокатски куќи:

- WHITE&CASE, Њу јорк, САД
- Dechert, филијала Париз, Р.Франција
- ORRICK, филијала Дизелдорф, СР. Германија
- Clifford Chance, филијала Лондон, Обединетото Кралство
- Hogan Lovells, филијала Минхен, СР. Германија
- Clyde & Co, филијала Париз, Р.Франција

4. Се задолжува претседателот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, по добивањето на понудите, најдоцна во рок од три дена да свика нов состанок на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори на кој ќе се разгледаат понудите и ќе достави до Владата предлог за избор на правни застапници во наведената арбитражна постапка.

## Точка 140

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за лето 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од пет дена да донесе програма за седумдневен одмор на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за сезона лето 2023 година и процедура за

реализација на проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток за време на летниот распуст.

2. Се задолжува министерот за труд и социјална политика во рок од седум дена да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток, со претставници од Министерството за труд и социјална политика.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да објави повик на веб-страницата на Министерството за труд и социјална политика и во центрите за социјална работа, во јуни 2023 година.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика веднаш по објавување на јавниот повик во рок од пет дена да им укаже на центрите за социјална работа да ги преземаат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект.

## Точка 141

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за воспоставување на механизам за проверка на странски инвестиции, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на работна група за воспоставување на механизам за проверка на странски инвестиции, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 142

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со сифон „Макарија“, во ХМС Тиквеш, по настанатото оштетување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на наредната седница на Владата да достави предлог-програма за изменување на Програмата за водостопанство за 2023 година, при што средства во износ од 82.128.000,00 денари од Мерка 3-„Обврски по започнати и недовршени работи за склучени договори во 2015, 2016 и 2017 година за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен-Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен-Речица“, да се предвидат во нова Мерка 9-„Санација на сифон „Макарија“ во ХМС Тиквеш“.

2. Се задолжува Министерството за финансии во следното изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, да ги

обезбеди средствата во износ од 82.000.000,00 денари во Програмата за водостопанство за 2023 година од други расходни ставки/позиции.

3. Се задолжува АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во рок од седум дена да ги спроведе административните процедури за постапка за јавна набавка за реализација на Санација на сифон „Макарија“ во ХМС Тиквеш.

**<u>Точка 143</u>**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата.

**<u>Точка 144</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за поништување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр.41-3589/8 од 23.5.2023 година, за наредната седница на Владата, поради потребата да се обезбедат мислења од Министерството за финансии-Управа за имотно-правни работи, Агенцијата за катастар на недвижности и Секретаријатот за законодавство, а Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да одржат состанок заради усогласување на ставовите.

**<u>Точка 145</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Заклучокот по точка 71 од Нацрт-записникот од Сто триесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 февруари 2023 година, ја усвои и ја задолжи Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија од сопствениот буџет да обезбеди финансиски средства во висина од четири милиони денари на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, заради потребата од повторно отворање на дописнички места во Брисел, Вашингтон и Атина и продолжување на соработката со соработниците во Софија, Париз, Белград и Приштина и нивно непречено функционирање, а Министерството за финансии со ребалансот на Буџетот на Република Северна Македонија, во текот на 2023 година да обезбеди четири милиони денари на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 146**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Balkan Warrior 23“, со Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „Balkan Warrior 23“.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии-Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана, да преземат мерки за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално-технички средства на странски вооружени сили на Република Грција за потребите на вежбата на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии-Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а му се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со активностите за подготовките за учество на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

**Точка 147**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „PLATINUM WOLF 23“ во Република Србија.

**Точка 148**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за подготовките за организирање на Третото издание на Преспа форум за дијалог насловен „Проширено европско семејство до 2030: (не) возможна мисија?“, 15 и 16 јуни 2023 година, Струга и потребата од меѓуресорска поделба на дополнителните трошоци и организациските обврски поврзани со одржувањето на форумот за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за надворешни работи, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да одржат состанок на кој ќе ги усогласат ставовите од чиј буџет ќе се

обезбедат дополнителните 4.000.000,00 денари потребни за организација на настанот.

## Точка 149

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за постапките за вработување, со заклучок истата да се разгледа на тематска седница на Владата, во врска со новите вработувања, унапредувања и зголемување на платите на јавната администрација.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:00 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| м-р Методија Димовски | д-р Димитар Ковачевски |